СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
од Второто продолжение на Седумдесет и седмата
седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 29 септември 2004 година

Седница се одржа во сала 1 во Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше г-динот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа по Седумдесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Каролина Ристова, Ангелка Пеева Лауренчиќ, Соња Лепиткова, Благој Голомеов, Андреј Жерновски, Хисни Шаќири, Чедомир Краљевски, Сашко Кедев, Љубе Бошковски, Љубчо Ѓорѓиевски, Ванчо Стаменков, Ѓорѓи Трендафилов, Коце Трајановски, Петар Наумовски, Никола Груевски, Али Ахмети, Ганка Самоиловска Цветанова, Мендух Тачи, Хусеинџевад Хусеини, Ванчо Георгиев, Љубисав Иванов Ѕинго и Трифун Костовски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со точката 25 - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за државните службеници, со Предлог на закон.

Претресот по Предлогот за донесување на законот е заклучен.

Бидејќи има пристигнато 36 пратеници, потпишано, давам пауза од половина час за да можат пратениците да дојдат.

(По паузата седницата продолжи со работа во 10,37 часот).

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам пратениците да ги завземат своите места.

Службите нека го утврдат бројот на присутните, ве молам.

(Службите го утврдуваат бројот на пратениците).

Почитувани пратеници, на Собранието му предлагам да го усвои следниов Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за државните службеници.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, 56 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Службите нека го утврдат бројот на пратениците.

(Службите го утврдуваат бројот на пратениците).

Го поништувам гласањето бидејќи во салата се присутни 60 пратеници.

(Во салата влагаат пратеници).

Го повторуваме гласањето.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 59 гласале за, нема воздржани, нема против.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 58 гласале за, нема воздржани, нема против.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани за додавање нов член 1 на член 1 и на член 2 со кој се додава нов член 95-а во ставот 3 и тие се составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 58 за Предлогот на законот, нема воздржани, а 1 е против.

Во салата се присутни 61 пратеник во моментот на гласањето.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

**Минуваме на точката 26 - Нацрт на закон за општа управна постапка.**

Нацртот на законот, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Каме Петров, а нека се подготви пратеникот Томе Тромбев.

КАМЕ ПЕТРОВ:

Благодарам претседателе.

Почитуван господин претседателе, почитуван господин министре, почитувани колешки и колеги пратеници.

Уште на почетокот на ова мое согледување би сакал отворено да изнесам еден факт. Ако на почетокот на овој мандат некој ме прашаше дали очекувам дека ова Собрание, во овој период ќе отвори, предложи и донесе толку значајни закни од управната, кривичната, граѓанската и од другите области, ќе сметав дека е реално да се одговори - не.

Колешки и колеги пратеници,

Не ми е целта да изнесувам комплименти на Владата на Република Македонија  и на Министерството за правда. До сега во ова Собрание, сум се обидувал или барем сум настојувал, а сметам сум настојувал, да зборувам со факти. А денеска, факт е дека донесовме крупни измени и дополнувања на Кривичниот законик на Република Македонија. Факт е дека донесуваме крупни измени и дополнувања на Законот за кривична постапка, на Законот за Јавно обвинителство исто така. Неодамна донесовме сосема нов Закон за трговските друштва, а денеска расправаме за Нацрт на закон за општата управна постапка. И, со право, иако немам информации и очекувам да на Собранието наскоро му биде предложен законот за парнична постапка, се разбира со посебните постапки во него, како што се постапките во стопанските спорови, спорови со мала вредност и тн.

Со ваквиот број на закони, со право ќе можеме да кажеме, мислам дека сите ние заедно во овој период, дека сме се зафатиле со донесувањето на една крупна и сложена материја, правна материја. Дека, како Собрание на Република Македонија сме се зафатиле да ги усогласуваме законите со европското современо законодавство, што претставува само една димензија. Од друга страна, значи и втората димензија,  е што со донесувањето на овие закони создаваме услови или

подобро речено амбиент за далеку поефикасно одлучување на судството, на органите на државната управа, односно на институциите на системот. Значи, колку и да бидам рестриктивен во оценките, не можам а да не искажам задоволство што конечно по 13-14 години пред нас се наоѓа Нацрт на закон за општата управна постапка.

Кон тоа сакам да истакнам неколку принципи што според мене се фундаментални работи од оваа област, а што не се од процедурален карактер на управата, но кои што ги детерминираат работите во управата: нејзиното место и улога во институциите на системот и во тој контекст нејзиното ефикасно одлучување.

Според мене, дали е добар или не Нацртот за донесување на овој закон може да се заклучи од следните прашања и одговори:

Кон што се стреми или, поедноставно кажано, кои се целите на овој закон?

Според содржината на Предлогот на законот и според искажувањето на министерот на претходната седница, можам да препознаам дека имаме за цел надминување на поимот на класична државна управа што, иако како поим е надминат, еве и јас, но и нашата наука и пракса, сеуште го користат во секојдневната употреба. Тоа се прави, веројатно, да се направи разлика од општиот поим, управо од потесниот поим “државна управа” а чија основна цел е да се определи централното државно јадро на управните органи во Република Македонија.

Наспроти моделот “државна управа” денеска слушнавме, исто така можеме да слушнеме и да прочитаме квалификативи и определби на Владата за нејзиното трансформирање во “сервис на граѓаните”. Кон тоа би сакал да го препознаам концептот на остварувањето на социјалната функција на државата и управата, што претставува доминантен модел на развиените европски земји. Имено, концептот на социјалната функција на управата значи дека вршењето на управните дејности на државата не може да се ограничи само со вршењето на државната власт, туку дека современата управа треба да се сфати како концепт а државата што дава јавни услуги, со што јавните служби и државната служба имаат иста цел. Или, во вршењето на социјалната функција доаѓа до реформа на управата, од модел на државна во модел на јавна управа.

Прифаќајќи ја оваа сервисна компонента мислам дека Министерството за правда е сосема јасна позиција дека, да се управува, дефакто значи да се

предвидува, да се планира, да се организира, да се координира и да се контролира. Во таа насока, бездруго, мора да се насочи управата така што треба да претставува еден од приоритетите на работењето на Владата на Република Македонија.

Од тука, концентрираната заложба од сите овие активности при донесувањето на новиот закон, треба да биде дека управувањето или управата трехба да функционира како систем на извршување на целите, генерално поставени од општеството. А, посредно, преку центрите на одлучувањето во управата.

Врз оваа основа, применувањето на законот и функционирањето на управата треба да бидат во насока на најмалку три функции:

Првата функција, преку поднесување на предлози и иницијативи на Владата и на Собранието, со цел за утврдување политички насоки и преземање мерки од делокургот на управата, а во правец на спроведување на законите;

Втората функција, секако е информирањето, како исклучително значајна работа на управата. Таа е должна да ја информира Владата и Собранието, навремено и стручно, за своите решенија. Доколку оваа функција не е навремена или се јавуваат деформации, тогаш до израз доаѓаат повеќе прашања, меу кои: кој со кого владее, Собранието односно Владата со управата или обратно, администрацијата со легално избраните органи на власта? Тоа во некои земји не е така ретка појава. Тоа кај нас, едноставно, не смее да се случи.

Третиот сегмент, но не и последен по важност, е извршувањето на одлуките.

Извршувањето, според мене, можеби е најсуштинскиот дел од управувањето. Тоа е центарот на остварувањето на интересот на граѓаните или, по дефиниција, остварување на функцијата на управата како одговор на јавна служба на граѓаните. Мислам дека тука се потребни дополнителни интервенции во делот на законот на општата управна постапка, при што, таа, управата, ќе се јавува во улога на сервис на граѓаните.

Во остварување на таа цел мора јасно, низ посебни одредби да се постави позицијата на странките спрема органите што учествуваат во управниот процес, така што јасно и недвосмислено ќе се позиционира самостојноста на граѓаните и застапеноста на нивната волја во водењето и насочувањето на управната постапка.

Основната управна улога на органот и натаму останува. Истовремено, се дава поголем простор и можност за барање на странките во нивното диспонирање со правата или во борбата со различните интереси на странките, што пак одново, јасно инплинира дека вистината ја докажуваат заинтересираните странки. Само така

државата или управата во потесна смисла на зборот може да се јави во брз односно ефективен сервис на граѓаните.

Од тука, кога ги гледаме овие ориентации, мислам дека во новиот закон треба да се направат повеќе интервенции во делот на доставата на странките. Во Главата В, односно  од членот 79 до членот 102 дадени се предлози за писмена достава на странките. Ова го подвлекувам бидејќи мислам дека и вака предложените рокови, односно начини на достава можат дополнително да се скратат. Органот, во рок од 15 дена, според Нацртот, може да направи обид за три достави до странката, односно три обида за достава на една иста странка. Мислам дека ваквото решение е сепак неекономично. Или, утврдената јавна објава до странките, што се прави во јавни или други службени гласила, седум дена едно по друго, што сето тоа влијае на трошоците на постапката и на одолговлекување на постапката во целина.

Ги истакнав овие примери бидејќи во новиот Нацрт се утврдени скоро шест нивоа на доставување, што можат многу лесно и едноставно да одземат 40, ајде да не речам 60 дена во постапката и тоа само на име на писмената достава до странките.

Се задржав само на овој проблем, бидејќи, според мене, основно и најбитно е со овој закон да оствариме неколку битни определби и одредници. Меѓу другите, мисам дека треба да се спомнат следните: скратување, забрзување и поевтинување на управната постапка во целина. Така на пример, овие цели ќе ги постигнеме доколку усмената расправа, значи усмената расправа во постапката ја уредиме на начин што странките секогаш ќе бидат во улога на подготовка на усмената расправа. За одржување на усмената расправа на странките, ссекогаш треба да се јавуваат со јасни и документирани барања, предлози и докази како елементарен услов за успешно и навремено одлучување. Усмената расправа ја земав за пример, каде што постојат отворени можности за скратување, забрзување и поевтинување на управата постапка. Такви можности постојат и во другите институти во управната постапка.

Но, пак, оваа цел, со сета силина ја наметнува потребата од соодветна стручност или преземање на управните дејствија во постапката. Тоа подразбира исполнување на неколку предуслови:

Прво, создавање на професионална, високостручна и непристрасна управа, односно јавна администрација;

Второ, положбата на управата во нашиот политички систем, определена со Уставот, како дел од извршната власт, во системот на поделбата на власта,

управата е целосно одговорна пред Владата, што е инхерентна последица на парламентарно-демократското устројство во државата. Тука мислам дека би направиле голем чекор напред во поглед на номинацијата и разрешување на управните, односно државните службеници, со зголемување на политичката непристрасност и професионалниот состав на управата. Односно, на оние ешалони од управата каде што не е неопходно тоа.

Чекорот на деполитизација на управата треба решително да се направи.

Но, антипод на стручната и квалификувана управа е јакнење на професионалноста во застапувањето на странките во управната постапка. Без напоредно, паралелно јакнење на овие функции, не можеме да очекуваме правично и ефикасно одлучување во управната постапка.

Затоа, давајќи поддршка на овој Нацрт, за чие донесување оценувам дека има исклучителна потреба, иницирав и одредени размислувања што претпоставуваат интервенции и овој закон, но и во делот на прописите на организацијата на јавната администрација.

Во расправата до фазата на предлог на закон, мислам дека треба да се вклучат повеќе институции, меѓу кои Адвокатската комора на Македонија и некои еснавски невладини организации во Македонија. Затоа е добро што законот го донесуваме во три фази.

Очекувам и Предлогот за донесување на законот за извршната постапка, односно во случајот Предлогот за донесување на законот за извршување и обезбедување да се донесе во три фази, со цел да имаме пооптимално време за подобра подготовка и за овој исклучително важен законски проект.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За збор е јавен г-динот Томе Тромбев.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Благодарам потпретседателе, почитуван министер, почитувани колеги,

Јас не сум толку стучен како колегата Петров во оваа материја, меѓутоа би сакал во оваа прилика да ги кажам моите размислувања и можеби да проблематизирам одреднеи делови од овој закон, нормално се во интерес на граѓаните и побрзо завршување на постапките кои што ги предвидува овој закон. Јас оваа моја дискусија ја најавив

дискутирајќи во Законот за градба и по Законот за просторно и урбанистичко планирање и би замолил да ја сватите оваа моја дискусија во насока на тие два закони.

Имено, овој пропис треба да го замени старито Закон за општа управна постапка кој што беше донесен 1956 година, значи најмалку 49 години, ако не се лажам ова е најстариот Закон кој што е во употреба во Република Македонија и уредува една многу значајна материја со која што граѓаните и сите ние се среќаваме секојдневно во нашиот секојдневен живот. Нормално овој Закон во претходниот период беше изменуван и дополнуван во 1965 година, 1977 година 1978 година и 1985 година и најновите измени беа со уставните амандмани во 2002 година.

И овој Закон разгледувајќи го сега немам некои поголеми забелешки на текстот, меѓутоа во еден принцип би сакал да коментирам за кој што сметам дека е многу значаен и сметам дека ќе биде многу поволен за граѓаните на Република Македонија.

Имено, би почнал од начелата кои што се општи пронципи и општи основи на Законот, а особено начелото за сервисна ориентираност на граѓаните индиректно поврзано со начелото за ефиканост на постапката која што треба да се води и особено одговорноста на јавната администрација која што ја спроведува постапката.

Имено, тука повеќе пати беше кажано, меѓутоа и во други прилики, а и сега г-динот Петров потенцира дека јавната администрација е сервис на граѓаните. Гледајќи го Законот мислам дека ова начело на сервисна ориентираност на граѓаните мислам дека повеќе е декларативно отколку суштински, а ќе кажам зошто.

Гледајќи го член 222 во Законот, а тој е во врска со членот 247 кој што произлегува од членот 14 на Законот, во членот 222 даден е рокот на издавање на решението, било кое општо решение. Истата оваа постапка беше дадена и во претходниот закон. Имено, во претходниот закон рокот за издавање на решение беше 30 дена, по исклучоци поради отежната постапка беше два месеци, односно 60 дена. Меѓутоа, за жал кај нас администрацијата вообичаено предметите ги решаваше по исклучоци и најголемиот дел на предмети беше решаван во рок од два месеци, а за жал морам да кажам и дека не се почитуваат ни тие два месеци, туку постапките се одолговлечуваат. Имаме подолги рокови и од тие два месеци, што од друга страна па не беше санкционирано во претходниот период.

Смислата на овој Закон е иста. Администрациајта треба да издаде решение во рок од 30 дена. Доколку не го издаде решението тогаш се смета дека решението е негативно. Сметам дека во овој Закон треба да направиме еден исчекор понатаму и сметам дека таквото решение после истекот на 30 дена напротив треба да биде позитивно. Треба да

биде позитивно од интерес на граѓаните со што ќе се направи одреден притисок и на јавната администрација да си ги обавува работите одговорно и ефикасно во интерес на граѓаните на Република Македонија.

Би сакал да го илустрирам ова со членот 222. Во вториот став вели "ако надлежниот орган против чие решение е допуштена жалба не го донесе решението и не го достави до странките во пропишаниот рок странката има право на жалба како да е одбиено нејзиното барање". Ова е поентата на ова што го зборував како е сега решено во Законот, меѓутоа убеден сум дека во предлогот на законот овој принцип треба да биде соодветен со принципот што е востановен во членот 208, а ќе прочитам како е таму принципиелно поставена целата работа. Сметам дека соодветно на овој член треба да се регулира и овој член.

Во членот 208 ставот 5 вели: "органот чија согласност или мислење е потребно за донесување на решение е должен согласноста или мислењето да го даде во рок од 15 дена од денот кога му е побарано, ако со посебни прописи не е определен друг рок.

Ако овој орган во тој рок не го извести органот што го донесува решението дека дава или одбива согласност се смета дека дал согласност". Тоа е суштианта на ова што го зборувам, "а ако не даде никакво мислење внатрешниот орган може да донесе решение и без прибавено мислење ако со посебни прописи не е поинаку определено". Ова сметам дека е добро решение, меѓутоа незнам и зошто кога се обраќа државен орган на државен орган би имало некаков екслузивитет во однос на релации. Сметам дека и граѓанинот заслужува на ваков третман единствено со цел на забрзување на постапката и од друга страна, се разбира совесно и одговорно работење на јавната администрација почитувајќи го она што го зборувавме претходно дека јавната администрација е сервис на граѓаните.

Инаку, доколку останеме на ваквите решенија мислам дека граѓанинот ќе се најде во една непријатна ситуација поради неработењето и неодговорноста на службеници од јавната администрација, па заради нивното неработење одредена постапка да се одолговлечува во подолги рокови, а вака во најдобри рокови целата постапка може да заврши во три ипол месеци земајќи ги во првостепената постапка 30 дена, жалбената постапка, ако се стават крајните рокови во рок од 15 дена и второстепената постапка во рок од 60 дена или два месеци.

Сметам дека со ова ќе направиме крупен исчекор во однос на задоволување на граѓанските права и ќе направиме крупен исчекор во однос на работењето на јавната администрација, која што мора да признаеме ние самите дека во претходниот период не работеше онака како што требаше. Несоодветно беше нејзиното работење.

Уште една забелешка г-дине министре.

Во членот 265 решението за поништување по право на надзор даден е рок од една до пет години всушност решение за поништување на решение даден е краен рок до пет година по право на надзор, меѓутоа сметам дека пет години е многу голем рок. Сметам дека овој рок треба да се намали на две години или три години, се разбира се со цел на зголемување на правната сигурност на инвеститорите, а знаеме дека во Република Македонија се потребни инвестиции во наредниот период.

Јас имам само толку. Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За збор се јави г-динот Зоран Шапуриќ.

Повелете.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитувана потпретседателке , почитувани колешки и колеги пратеници, почитуван г-дине министер,

Бидејќи претходните дискутанти зборуваа општирно околу овој Закон јас би бил сосема краток и би се обидел да ги избегнам оние аспекти кои беа опфатени во нивните дискусии.

Иако на сите ни е јасно дека овој закон значи усогласување на Законот за управна постапка со Уставот на Република Македонија и тоа со 12 години доцнење, меѓутоа, како што велат никогаш не е доцна бидејќи и доцнењето е подобро одколку не донесување на закон, но бидејќи ние имаме решение од 50-тите години кои што се важечки, во сила со некои измени кои беа новелирани некаде последните новелирања 1977 година, но во секој случај добро е што конечно го носиме овој закон.

И покрај тоа што доста долго се доцни со овој закон сега е добар момент не само заради усогласувањето на нашето Законодавство со Законодавството на ЕУ и заради Имплементација на одредени решенија кои што се покажаа како слабост во пракса. Одтаму го поздравувам решението што вака сложен закон, вака важен системски закон оди во три фази. Добро е што Министерството и Владата се определиле законот да оди во редовна процедура, фаза на предлог за донесување на закон, сега имаме нацрт закон и потоа предлог закон за да се овозможи сите овие дискусии и расправи да дадат што подобри решенија. Сите сме согласни дека во начело навистина законот е добар. Се разбира секогаш се можни одреднеи подобрувања, одреднеи измени во смисла на зголемување на ефикасноста на управната постапка и во смисла на управната постапка како еден од предусловите за севкупната реформа на јавната администрација. Меѓутоа,

како што кажав секогаш постои можност да се подобри овој закон и јас би апелирал Министерството за правда да организира еден вид јавна расправа во врска со овој закон како би се изнеле експертски и други мислења и каде што евентуално би се изнашле можеби некои подобри решенија, можеби некои дилеми би се решиле и покрај тоа што кажав дека законот во основа е добар и се надеваме сите дека ќе овозможи поефикасна управна постапка бидејќи се содржани решенија во смисла на поефикасна и поефективна достава во самата достава, а знаеме дека доставата е слабост не само во управната постапка, туку и во сите други постапки (парнична, кривична, извршна итн.) и оваа болка би требало да се реши на тој начин.

Јас исто така би сакал да кажам дека по членот 228 во став 1 е предвидено дека согласно начелото за двостепеноста по жалба на првостепеното решение на орган на државната управа решава второстепената комисија за решавање на постапка во втор степен при Владата на Република Македонија, што е воре, меѓутоа во вториот став изразувам дилема дали по жалба против провостепеното решение на орган во состав на орган на државната управа решава функционерот кој раководи со оргаонт на државна управа и се поставува прашањето дали во овој случај ќе биде подобро да решава комисија како орган на Владата, бидејќи подобро би функционирало начелото на двостепеноста на постапкие која што е во сите постапки не само во оваа. Меѓутоа, ова е добра прилика да проговориме дека во секоај земја, па и кај нас управната постапка добива своја завршница најчесто, можеби преку 50, 60 и 70% на случаи добива судска разрешница во управниот спор. Сега ние можеме да донесеме и најдобар закон за општа управна постапка меѓутоа ако немаме ефективна и ефикасна судска заштита во вид на управен спор, бидејќи по сегашниот закон за управни спорови имаме против решението на второстепениот орган, затоа што сепак се работи запостапка внатре помеѓу државните органи, може да се  покрене тужба пред Врховниот суд. Значи дури тогаш оваа постапка преку управниот спор најчесто ја добива таа завршница.

Почитувани колеги ние знаеме дека сегашните решенија навистина не одговараат во законот за управни спорови на современото законодавство. Сите знаеме дека многу се ретки земјите во светот каде што Врховниот суд како највисока судска инстанца се бави со управните спорови. Можеме да имаме незнам колку ефикасна, зборуваме овде за 15, 30, 60 дена управна постапка, ако управните спорови, а сега ни траат пред се од објективни причини бидејќи врховните судови се преоптеретени, без оглед што сега се најавува дека ќе се зголеми бројот на одделенијата надлежни за управните спорови во Врховниот суд тој објективно не е во можност брзо да ги решава управните спорови. Сега

имаме состојба на решавање на управните спорови да се чека две, три па и четири години, меѓутоа многу често после се враќа управниот спор на повторно разгледување во самите органи на управа, па пак имаме првостепена, второстепена постапка и потоа пак наново две или три години пред Врховниот суд. Значи судското ефектуирање на одлуките, решенијата и другите акти донесени во управната постапка престои дури по повеќе години, бидејќи кажавме дека потврда на одлуките на органите на управа мора да има судски епилог и затоа многу често се реагира.

Одтаму јас сметам дека согласно многу земји кои се членки на ЕУ, или пак како што е во некои земји кои што се веќе кандидати, на прагот на Унијата (Бугарија, Унгарија, Романија и др. ) дека би можело да се размислува сериозно и треба да се размислува за воведување на специјализирање судови, на административни судови кои исклучиво би се занимавале со оваа работа. Во тој случај многу брзо би се решавале управните постапки кои би биле второстепено завршени а би се обжалувале во управен спор, многу брзо би добивале своја судска завршница. Во некои држави како на пример Франција има одредени рокови, кои се мошне куси за административните судови да мора да се изјаснат. Одтаму сметам дека мораме да направиме и измена на правосудниот систем во смисла на овие специјализирани административни судови во смисла на управниот спор за да овој закон добие свој конечен епилог, бидејќи сепак се работи за решавање во управна постапка помеѓу првостепениот и второстепениот орган кои се сепак државни органи. Логично е незадоволните странки, тоа е секаде во Европа, процентот е околу 50%, а кај нас некаде околу 70% се движи тој процент незадоволните странки да поведуваат управен спор со тужба, или во некои земји на друг начин. Така да мора да воведеме специјализирани административни судови за да го ефектуираме овој закон, бидејќи ако се чека, морам да повторам, на две, три или четири години на решавање на управните спорови во Врховниот суд како ќе ја ефектуираме постапката, бидејќи често пати второстепениот орган по автоматизам само го потврдува решението на првостепениот орган. Или ако имате некоја друга идеја како да се добие ефикасна судска заштиа, најдобро според мене е преку административните специјализирани судови, или било која друга идеја, бидејќи ако чекаат граѓаните на решавање на управен спор пред Врховниот суд кој објективно е претрупан со овие предмети.

Јас не ги знам кои се податоците, колку проценти од вкупните предмети во Врховниот суд се од оваа област, од областа на управните спорови. Тој објективно неможе да ги решава овие спорови. Оттаму апелирам сериозно да се размисли и за

водењето, значи за судската заштита на одлуките донесени во управната постапка. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам. Збор има господинот Ефтим Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги пратеници и почитувани министри,

Имајќи го пред себе Нацртот на законот за општа управна постапка, сепак би сакал и јас даа дадам еден придонес во однос на истиот, за да можеме во наредна фаза, односно во Предлогот на закон, да имаме што поквалитетен закон.

Новините во Законот кои се предлагаат, претежно се однесуваат на работата на органите на управата, како да бидат тие поефикасни, барањата на граѓаните да бидат решени во што пократок временски рок. Во голем дел од постапката не се разликува она што било и досега. Сметам дека нема многу место истата да се разликува, освен да создадеме услови да не се манипулираат граѓаните во управните работи кој што ги бараат да ги решаваат органите на управата. И што е тоа позитивен чекор, како граѓаните би дошле брзо до решавање на своите потреби.

Јас би поминал со мое укажување по одредени одредби од Законот, за кои сметам дека Министерството веројатно со луѓе експерти или било кои што работат на овој закон да можат да ги имаат предвид таквите видувања и доколку се согласуваат со истите да ни дадат попрегледен и постегнат закон за усвојување.

Сметам дека членот 3 недоволно е јасен, ставот 1 понатаму определува други закони со кои се води постапка. Ставот 2 зборува за овој закон. Сметам дека овие две одредби треба да се преформулираат, да се најде поадекватно решение, кое што ќе биде многу појасно и почисто за примена.

Сакам да укажам уште на почетокот дека овој закон е специјален за сите постапки кои се водат за управните работи и истиот не треба да се повикува на помалите закони кои што произлегуваат од него, а во него во голем дел постојат дека ако не е решено со друг закон. Сметам дека управната постапка ја решава овој закон и истиот дава можност врз основа на него да се решава и на подруг начин, а не овој закон да се повикува на други закони.

Во членот 9, повеќе би одел од правна природа на видување на текстот, што сметам дека ќе бидат од корист на предлагачот. Вели: “Во управната постапка мора да се утврди вистинската состојба”. Вистинска состојба никогаш нема да се утврди

во правото, туку се утврдува фактичката состојба и затоа сметам дека се утврдува вистинската, но да стои и фактичка состојба. Потоа, за таа цел мора да се утврдат сите факти, после факти да стои: “Од решително значење што се битни за донесување на законит и правилно решение”. Фактите се од решително значење. Има такви по некои празнини за кој би сакал да укажам, доколку смета предлагачот дека се корисни, треба да бидат прифатени.

Во членот 16 вели решение против кое не може да се изјави жалба, ниту да се поведе управен спор, а со кое странката стекнала определени права, односно со кои на странката и се определени обврски, е правосилно решение.

Јас неможам да сватам кое е тоа решение внесено во управна постапка, без да се даде право на жалба и истото да стане правосилно. За тоа може само времени решенија, за кои што ќе кажам поназад и сметам дека овде треба да биде преформулирана ваквата одредба која е многу нејасна. Решение не може да стане правосилно со самото донесување од првостепен управен орган.

Во членот 23 вели: “За управните работи е надлежен соодветниот орган на државната управа, во рамките на неговите надлежности, ако со закон не е предвидена надлежност на друг орган”. Јас сметам дека неможе да стои вака, каде што стои ако со закон не е определена надлежност на друг орган, тоа треба да се замени утврдено со закон неговата надлежност и ништо понатаму.

Мислам дека ваквата одредба е нејасна и многу широка. Ако еден орган е надлежен за решавање на некоја управна работа, не може ако со закон не е определена надлежност на друг орган. Надлежноста е надлежност еднаш решена неможе во два закони да се решава.

Во членот 24 ниеден орган неможе да превземе определена управна работа, од надлежност на друг орган. Таму треба да се стави точка и сето тоа што останало понатаму во ставот 1 да се избрише. Сметам дека ставот 1 тогаш ќе биде многу јасен, отколку што стои уште едно дополнително објаснување, што го прави нејасен со самата определба што е дадена. Факт е дека освен ако тоа не е предвидено со закон и под услови предвидени со закон. Многу е лоша формулација ставот треба да стои после “орган” точка и тогаш веќе е јасна самата одредба на законот.

Во членот 26, вели: “ако според одредбите на овој закон, едновремено биле месно надлежни два или повеќе органи, надлежен е оној орган што прв ја повел постапката”, таму треба да стои точка и понатаму допишаното да се избрише, да не се смета дека такво нешто може да постои вели: “Месно надлежен орган може да се

спогодат”, не може спогодување. Ако веќе некој орган отпочнал со постапка ќе се спогодува со другиот орган. Сметам дека тој дел е непотребен.

Ставот 2 на истиот член  сметам дека е непотребен.

Членот 27 вели: “Органот што ја повел постапката е месно надлежен, ја задржува надлежноста во текот на постапката ќе настанат околности според кој бил месно надлежен друг орган”.

Сметам дека месната надлежност не е од суштествено значење, дали ќе решава еден орган во оваа или во другата општина, бидејќи тука се зборува ако надлежноста дошла подоцна, може да биде надлежен и друг орган.

За ефикасно и брзо решавање, сметам дека треба да биде многу јасно дефинирано. Тој што почнал и треба да ја заврши постапката и со тоа не прави никаква повреда, отколку да ја враќа постапката назад, бидејќи некој друг станал надлежен орган и сето ова, членот 27, неговите размислувања и одредби во него можат да влезат во членот 26, и така со двата става да ги покрие и двата члена многу пореално и попрегледно.

Во членот 28 една техничка грешка е веројатно направена во ставот 2, каде што се повикува на член 65, треба да стои член 64 од истиот закон. Тоа е за надлежноста што ја пренесува еден орган на друг орган.

Во членот 31 ставот 2, мислам дека непотребно е надлежноста да ја решава Владата, односно вели: “Ако со друг закон не е уредено поинаку”.

Ако Владата, односно органите на Владата во втор степен кога одлучуват во управната постапка, веројатно тие одлучуваат за надлежноста од прв степен и сметам дека не е потребно да стои, “Ако со друг закон не е уредено поинаку”. Сето тоа остава една слобода, една празнина на нејасност. Сум на размислување Законот да биде многу појасен и посигурен отколку да остава празнини за размислување и толкување на истиот.

Во членот 35 каде што два можност за управни работи да ги решават колегијални органи,а колегијалните органи можат да определат одредено лице, сметам дека во самиот закон треба да се реши и да се дефинира дека кога одлучуваат колегијални органи, тоа се два или три органи треба да се донесе едно решение, органот кој што е најблизок, или има најмногу ингеренции во таа правна работа, како прв орган, со договор или со решение однапред, треба сепак, тоа да го прави едно лице, отколку колегијален орган. Кога одлучува колегијален орган, не ќе може брзо и ефикасно да се реши работата. На становиште сум дека треба не да го

одредуваат колегијалните органи тоа определено лице, туку со законот треба да биде дефинирано кога се работи за правни работи, што ги извршуваат колегијални органи, се одредува едно лице кое што ќе ја врши таа работа од тие колегијални органи.

Во членот 232 каде што го опишува рокот на жалбите, во ставот 2 вели:"По исклучок решението може да се изврши во жалбениот рок, како и откако жалбата е изјавена, ако тоа е предвидено со закон".

Сепак, и оваа одредба е многу нејасна. Сметам дека треба да е строго дефинирано, каде може неправосилно решение, обжалено решение да се изврши. Сметам дека во тој дел треба многу повеќе да се размисли за на предлагачот да не се остава една ваква празнина во основниот закон, за тоа што дозволува дека тоа ќе се реши со друг закон и тоа со матерјалните закони од кои произлегуваат правните работи на граѓаните, сепак треба во оваа општа управна постапка да биде решено кога и како и дали може. За мене не може неправосилно решение, туку таму треба времени мерки за зачувување на предметот, се смета повеќе да не биде извршно после откога ќе има правосилно решение, за тоа да се обезбеди однапред само со времени решенија. Инаку извршувањето целосно е неправилно.

Потоа би сакал да дадам едно мое размислување и на самиот предлагач за членот 237 став 1, каде што дава можност првостепениот управен орган, во однос на поднесена жалба, истиот да ја прифати истата, без да ја препраќа на второстепен орган, што е едно квалитетно решение. Го имаше и порано, за да истата се забрза, ако оцени дека нешто пропуштил, не е дефинирано што со постојното решение. Најнапред треба, дали со заклучок, или со решение да се укине првостепеното решение, па првостепениот орган да постапува по жалбата, да ја прифати жалбата и да постапува по жалбените наоди.

Сметам дека формулацијата на овој став 1 од членот 237 малку повеќе треба да се обработи и да се наведат таквите одредби што со постојното решение. Може да има и второстепено и второ решение, кое ќе стане подоцна и правосилно, а првото ќе остане исто така правосилно бидејќи не се расправа по жалбата, не се донесува решение со кое се укинува, или се преправа. Мора да е регулирана таа одредба, што со тоа решение. Мислам дека со заклучок треба да го укине првостепениот орган, кој што ја прифаќа жалбата како таква.

По однос на управните спорови, зборуваше колегата пратеник Шапуриќ за кое што и јас би сакал да кажам неколку мои размислувања дека многу малку се

опфатени спорови воопшто во оваа постапка и лошо се спомнати, не е ни спомната тужбата каква е, што е и кога е. Сум на размислување да се формираат управни судови како сегашната практика во Врховниот суд во управните спорови е скоро поголема неправда, отколку да се бара правда од истиот суд, бидејќи секоја управна постапка и управен спор, заведен пред Врховниот суд не се решава за три години. И ако се случи да биде прифатена тужбата, па да ја врати на второстепениот орган, па тој ја враќа на првостепениот и една постапка трае повеќе од 5-6 години.

Затоа сметам дека е корисно да се размислува да се регулира оваа материја и управната материја да дојде сепак под контрола на судството и тоа тужбите да одат во некој прв степен и втор степен судови, кои што ќе завршуват мериторно отколку Врховниот суд да ги враќа назад.

Може и двапати да ја врати, иако има овластување при второто разгледување да одлучи мериторно, но ако сака истиот ќе ја врати назад и фактички постапката не се решава за еден животен век на некој граѓанин, кој има засега, за жал, безброј граѓани кои умреле, а нивните псотапки не се решени.

Затоа, сметам дека е потребно во тој дел Министерството да подразмисли што икако управната постапка да биде што поефикасна, побрза и дали ќе биде најправична ако биде само во органите на управата како прв и втор односно првостепена и второстепена или треба да биде допуштена во судови во една редовна постапка, отколку тоа да го прави само Врховниот суд, кој за мене засега е крајно неефикасен во управните спорови.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг , бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Би ги замолила колегите пратеници да влезат во собраниската сала, за да можеме да гласаме.

Заклучокот е следниот:

1.Собранието на Република Македонија го усвојува Нацртот на законот за општата управна постапка.

2.Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за општата управна постапка, при што ќе ги има предвид

предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела, како и од расправата на седницата на Собраниеот на Република Македонија.

3.Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, како и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за правда.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласал 61 пратеник, 60 пратеници гласале за, против нема, 1 пратеник гласал воздржано.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точка 27 - Предлог за донесување на закон за извршување и обезбедување.**

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени.

Отворма претрес.

Молам, кој бара збор?

Најпрво министерот за правда, г. Иџет Мемети.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Почитуван потпретседател, почитувани дами и господа пратеници,

Дозволете ми накратко да ја образложам потребата од донесување на нов закон, поточно донесувањето на законот за извршување и обезбедување, за кој е предложено да се одвива во две фази. Таа потреба произлегува од определбата на Владата на Република Македонија за создавање на ефикасен правен систем, што како неминовност ја наметна потребата од зголемвуање на ефикасноста на извршувањето на судските пресуди од областа на граѓанското право.

Досегашната примена на постојниот Закон за извршна постапка уакжа на голема бавност во процесот на извршување на судските одлуки, која што го усложнува и само го продлабочува проблемот со бавната реализација на правата на граѓаните утврдени во и онака долгогодишните парнични или управни постапки пред судовите во Република Македонија. Од друга страна, Република Македонија од 1997 година, како што знаете е членка на Европската конвенција за човекови права и

основните слободи. Па, како резултат на тоа е обврзна да го гарантира правото на остварување на граѓанските права и обврски во разумен рок. Праксата на Европскиот суд постојаноутврдува и потврдува дека процесот на извршувањето и спроведувањето на судските одлуки претставува интегрален дел од основното човеково право на фер постапување во разумни рокови и не го опфаќа само периодот на донесувањето на судските одлуки, со кои што се утврдуваат определени граѓански права.

За таа цел Комитетот на министри при Советот на Европа изготви препораки за извршување на судските пресуди, а предлогот за донесување на закон за извршување и обезбедување претставува наш напор за нивно имплементирање во нашиот правен систем.

Исто така, ориентацијата на Република Македонија за полноправно членство во Европската унија ја наметна потребата од натамошноусогласување на законот за извршната постапка со регулативата на Унијата која се однесува на сферата на извршувањето на судските одлуки од граѓанското и трговското право. Досегашната примена на сегашниот закон за извршната постапка, кој иако беше донесен во релативно поново време 1997 година и досега беше на двапати изменето во 2000 и 2002 година, укажува на тоа дека постојниот систем на извршување на судските одлуки не овозможува ефикасно спроведување на правдата.

Проблемите, пред се, се лоцирани во несоодветната правна рака која овозможува долготрајност на процесот на извршувањето и преоптовареност на судовите со огромен број на извршни предмети, фаворизирање на должникот на сметка на доверителот, што се смета за рецидив од минатиот систем. Преголема контрола на извршните судии во односа на постапката, несоодветен статус и ограничени овластувања на службениците, проблемите со доставувањето на судските писма, многубројните можности за приговори, прекини на постаката од страна на должникот, но и трети лица. Недостаток од веродојстојни и јавни книги и регистри, недоволна информираност на доверителите, трансакции, чија цел е измама на доверителите. Проблеми со проценките и лицитациите на недвижностите на должникот, што резултираат со чести прекини на извршната постапка. Ниското ниво на техничка опременост и материјално кадровската екипираност на одделите за извршување во судовите. Големата зависност на постапката од само извршниот судија, кој ја контролира и ја води целокуната извршна постапка. Лимитирањето на овластувањата и статусот на службените лица во судовите при преземање на

извршните дејствија кои се потпираат исклучиво на судијата, кој дозволува преземање на билокакво извршно дејствие. Сето ова што гонаведов резултираше со голема бавност во процесот на извршување на судскит еодлуки во граѓанските предмети. Извршувањето на судските одлуки неретко трае 5, 10 и повеќе години, а до колку се земе предвид дека на овој процес на извршување му претходи, прво, донесување на судска одлука во парнична или управна постапка, за која што исто така според постојната регулатива, изминува исто така долг временски период, се доаѓа до состојба во која што целокупната постапка во граѓанската и во управната област неретко да го надмине периодот од 1, 2 или повеќе, дури и декади.

Ваквата состојба во никој случај не може да се смета за разумен рок на постапување пред домашните судови при реализација на граѓанските права. Анализата на извршните предмети во оснвоните судови во Република Македонија укажува на тренд на постојано зголемвуање и кумулирање на бројка на извршните предмети од година во година. Бројката на неизвршени предмети во судовите постојано се зголемува.  Така што, само во 1997 година, година во која и беше донесен Законот кој предлагаме да се менув аодносно да се донесе нов, беа останати неизвршени 99 илјади предмети. А, само по 6 години спроведување на тој Закон, веќе во 2003 година таа бројка драстично се зголеми и  изнесува 210 илјади неизвршени предмети. Евидентно е дека тој закон онака како што е интерпретиран и применет не може во никој случај да ги исполни потребите на пазарната економија во земјата, ниту пак да привлече странски инвестиции. Ваквата состојба од една страна, а од друга страна фактот дека сферата на извршувањето на судските одлуки е заштитена со Европската конвенција за човековите права и основни слободи, резултираше со зголем број на предмети пред Европскиот суд за човеквои права против Република Македонија. Токму во постапувањето во разумен рок пред нашите домашни судови.

Почитувани пратеници, Предлогот на закон кој се наоѓа пред вас претставува системска промена на поставеност на системот на досегашниот Закон за извршна постапка. Како што се гледа и од самиот наслов на предложениот закон, тој регулира две сфери. Постапката на извршување и постаката на обезбедување. Новини се внесени, пред се, во првата, во постапката за извршување, додека по однос на втората прифатени се постојните одредби на законот за извршна постапка со мали корекции, а поголемиот дел терминолошки прецизирања. Затоа пак, во првата сфера измените се системски, пред се, се започна со измена на називот на Законот,

кој од Закон за извршна постапка, се менува во закон за извршување и обезбедување. Ова е со цел да се надмине проблемтот што го создава терминот постапка. Со ова на јавноста би требало да и стане појасно дека законот за извршување и обезбедување не претпоставува повторна постапка пред судовите, туку едноставно извршување на веќе донесените судски одлуки.

Со законот се востановува систем на извршители, кој со години наназад постои и ефикасно функционира во многу европски земји, а како што знаеме од 1998 година и во Република Словенија, која пак го имаше за основа истоветниот правен систем, како што и ние го имаме. Извршителите претставуваат лица со јавни овластувања надвор од судовите. Нивното именување предлагаме да го изврши министерот за правда по претходно исполнети услови врз основа на јавен конкурс. Извршителите ќе одговараат за материјалните штети настанати при извршувањето , но и дисциплински, а констатираната одговорност може да резултира и со одземање на лиценца или нивно разрешување од функцијата. Извршителите за своите услуги имаат право да наплатат награда по тарифа, која на предлог на Комората на извршителите со подзаконски акт ја пропишува министерот за правда. Извршителите во најголема мера ќе го преземат извршувањето на судските одлуки, кои претходно ќе бидат одобрени од страна на судот, а само мал дел извршни дејствија ќе бидат доставени кај судовите. Тоа значи целосно растоварување на судовите од спроведувањето на извршните дејствија, што досега претставуваше главен проблем во досегашната постапка. Едновремено со овие организациони измени се напушта позицијата на фаворизирање на должникот, со тоа што во голем дел ќе се редуцираат основите за користење на институтите жалба и приговори во постапката. Ова се врши на начин што голем дел од спроведувањето на извршните дејствија кои досега ги превземаа судовите, ќе преминуваат вонадлежност кај извршителите и не постои можност за обжалување на истите.

Со предложенит еизмени целосно се напушта досегашната пракса за упатување на парница во случај наобжалување од страна на должникот, туку извршувањето продолжува. А, доколку должникот смета дека тоа е неосновано, ја има можноста сам да поведе парница против доверителот, а доколку по завршувањето на истата се пресуди во негова корист, тогаш тој ја имаможноста за против извршувањето.

Новина е предвидена и кај приговорот на должникот против решението донесено врз основа на веродостојна исправа. Приговорот освен што треба да биде

образложен, тој мора да содржи докази за оспорување на извршното решение. Во спротивно, постапката продолжува, а должникот може да поведе засебна парница и до колку истата успешнојa заврши, постои можноста за против извршување.

Во Предлог законот е направен обид комплетно да се интегрираат одредбите и од Законот за платен промет во делот кој се однесува на извршувања од сметките на правните и физичките лица, а кој досега не беше усогласен со постојниот Закон за извршната постапка, исто така и со Законот за трговските друштва, извршувањето врз акции и удели во трговските друштва.

Битни новини се предвидени кај месната надлежност на судовит епри извршување врз сметка на должникот. Наместо досегашната пракса, месната надлежност да се определува според седиштето на носителот на платниот промет. Предвидена е надлежноста според живеалиштето односно седиштето на должникот. На тој начин би се растовариле оснвоните судови Скопје-1 и Скопје -2, кои имаат најголем број на извршни предмети токму поради оваа околност дека најголемиот број на банки кои пак се носители на платниот промет се токму со седиште во главниот град.

Новина е и одредбата која се однесува на спроведувањето на извршувањето да се врши од сите расположливи средства на должникот, а не како досега само на неговата жиро сметка.

Востановена е прецизна постапка на извршување спрема солидарниот должник. Во сферата на извршување врз недвижности утврдени се прецизни рокови и постапки за поединечните извршни дејствија на проценка, продажба и предавање на недвижноста, а предвидена е и заштита на купувачот од евентуалното поништување на решението за извршување на заклучокот.

Новините се предвидени и кај обврската на дејствијата трпење или несторување. Имено, драстично се зголемени паричните казни за должниците кои не вршат дејствија, а кои можат само тие да ги вршат, при ситуација на еднаш извршено, па повторно сторено смеќавање на посед, доверителот не ќе треба дополнително да го оптеретува судот, туку ќе може директно да се обраќа кај извршителот и да бара повторно спроведување на еднаш веќе дозволеното извршување.

Во сферата која се однесува на враќање на работник на работа, исто така се поведени новини. Одредбите веќе не се однесуваат само на правните лица, туку на секој работодавец.

Со Предлогот за донесување на закон предвидена е одложена примена на истиот за една година, сметано од денот на неговото донесување, со цел да се остави доволно време и простор за востановување на системот на извршители, регулација и регрутација на извршителите со што би се создале услови за успеша примена на законот чие донесување го предлагаме.

На крајот укажуваме и на фактот дека при изработка на текстот кој е пред вас учествуваа и странски експерти од Европската унија кои ги поздравија и позитивно ги оценија новините кои ги донесува овој закон, значи Предлогот на закон со кој на комплетно нов начин се регулира сверата на извршување на судските пресуди од граѓанската сфера.

Ова, господа пратеници, се накратко причините за донесување, како и целите што треба да се постигнат со донесувањето на овој закон, значи нов закон за извршување и обезбедување.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине министре.

Збор има госпоѓа Цветанка Иванова.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Ви благодарам госпоѓо потпретседател, колеги пратеници, господине министер.

Седницата која веќе два дена трае според точките на дневен ред кои вчера и денеска ги разгледуваме, би ја сврстила во една од најважните седници на Собранието на Република Македонија затоа што од законските проекти кои ги дискутираме и ги донесуваме овие два дена, се гледа дека донесуваме доста суштински закони кои се многу значајни за правниот поредок, за правниот систем на нашата држава, кои обезбедуваат реформи во процесното законодавство и на крајот со кои се обезбедува правна рамка за брзо и ефикасно остварување на основните права и слободи на граѓаните.

Само да спомнам, бидејќи беа донесени и други закони од други области, она што значи закони од сферата на правосудството ги донесовме Законот за измени и дополнувања на Законот за кривичната постапка, тоа беше вчера, а денеска го утврдивме Нацртот на законот за општа управна постапка и еве сега го разгледуваме Предлогот за донесување на закон за постапката за извршување

односно извршување и обезбедување кој досега се викаше Закон за извршна постапка.

Што друго колеги да се констатира освен дека на оваа седница овие два дена практично ги донесуваме најважните закони, најважните постапки во кои сите граѓани на Република Македонија ги остваруваат своите права и слободи.

На почетокот колеги дозволете ми да го искажам своето огромно задоволство, бидејќи како правник имам можност активно да учествувам и да ги креирам овие закони, што секако морам да констатирам дека е особен предизвик за секој правник и ова би било сон на секој правник и затоа сметам дека овие закони, барем ние правниците, а сигурно и сите останати пратеници, треба да дискутираме и со своите предлози, мислења и забелешки да ги подобруваме текстовите на законите затоа што барем во една од овие постапки сите ќе бидеме можеби странка некогаш.

За потребата од донесување на овој закон, мислам дека нема потреба посебно да се елаборира затоа што доволно добро го образложи господинот министер, потребата од донесување не произлегува само од Копенхагенските критериуми, условот кој ни е поставен таму заради донесување ефикасни постапки, а тоа е основен услов за влез во Европа. Потоа препораките за извршување на судските пресуди од Комитетот на Советот на министри во Европа, од потребата од Европската конвенција за човековите права и слободи чиј потписник сме исто така каде со членот 6 став 1 како земја потписник сме обврзани да овозможиме брзо, ефикасно и во разумни рокови граѓаните да ги остваруваат своите права сигурно во вакви постапки со вакви решенија.

За мене најголема причина за пристапување кон донесување на нов закон за извршување и обезбедување е секако реалната состојба во оваа сфера.

Колеги пратеници, сите не сте правници, меѓутоа, можеби секој од вас бил странка во граѓанска, во судска постапка или во управна постапка каде се досудува парично побарување или во судска постапка некое сторување или несторување и постапката која траела неколку години и имате веќе правосилна судска пресуда не ви значи ништо, бидејќи досега имавме една неефикасност на извршна постапка со кои одредби практично продолжуваше одот по маките повторно на странките во претходните постапки особено на странката која го добила спорот затоа што почнуваше од почетокот една нова постапка која траеше по 2-3, некаде по 10 години

и практично стануваше дури и спорот кој претходел на извршувањето безпредметен, дури губеше смисла.

Посебно се потенцира од статистичките податоци кои ги видов во 2003 година имаме 210.588 извршни нерешени предмети со тенденција на се поголемо зголемување на овој број, самиот факт е доволен за себе дека нешто во оваа област потребно е нужно нешто да се преземе и еве Министерството за правда како ресорно министерство од оваа област го прави ова.

Низа години колеги пратеници се лоцирани слабостите на досегашната извршна постапка и сметам дека имаме еден солиден текст кој со предложените решенија почнувајќи од самиот назив, понатаму прифаќањето на системот на извршители каде извршувањето се дислоцира од судовите и се дава на една нова јавна служба извршители кои ќе делуваат и работат надвор од судот. Тоа значи растоварување на судовите од извршни предмети. Со оваа новина, со оваа измена практично ќе добиеме и ефикасно судство, а од друга страна брзо и ефикасно извршување на правосилните судски пресуди. Добро е решението што се напушта позицијата на фаворизирање на должникот во досегашните решенија од законот затоа што со низа правни лекови, жалби и приговори кои беа дадени во корист на должникот, практично се одоговлекуваше, се осуетуваше постапката до недоглед и на крајот ја губеше смислата во некои постапки зошто се води постапката. Особено е добро напуштањето на системот на праксата на упатување на парница затоа што доста често во практиката се применуваше како институт за одолговлекување на извршувањето и во меѓувреме се правеа разни работи дури должникот можеше и да го нема на крајот кога ќе дојде до извршување и затоа сега ова доста позитивно решение кога се напушта оваа пракса и практично поднесениот правен лек од страна на должникот не значи дека ќе се прекине извршувањето, туку напротив си продолжува извршувањето, а должникот не губи од евентуално неговите права затоа што има нов институт преку кој ќе ги остварува, а тој институт беше предвиден и во претходниот закон, значи преку институтот на против извршување ќе си ги остварува своите евентуални права, доколку има, а постапката нема да се одоговлекува.

Како последно, да не ги повторувам работите кои ги кажа министерот и да не го читам образложението, не сакам во принцип така да дискутирам, посебно сакам да истакнам два нови института во овој закон. Првиот е институтот на систем на извршување и вториот институт доказна изјава и доказен потпис на имотот. Ова

се два посебни институти кои јас сигурно верувам дека ќе ја забрзаат извршната постапка, сега не постапка, туку извршувањето и обезбедувањето на правосудните и извршни одлуки.

Почитувани колеги, јас би ги предизвикала, слушајќи ги дискусиите на сите колеги по Законот за општа управна постапка, а и дискусиите од претходните закони кои беа точки на дневен ред, би ги предизвикала сите колеги да дискутираат по овој закон затоа што е многу значаен и ако еднаш биле странки како што кажува во постапката, не мора да е правник за да забележат што фали на досегашниот закон и да предложат некои решенија кои се во смисла на подобрување и да се отстраниме еднаш од онаа постојана работа да се определуваме за политички говори кои навистина моментално предизвикуваат политички поени, да се определиме еве да дискутираме сега по вакви закони затоа што дадените мислења, забелешки од нас пратениците, претставуваат најголем политички поен затоа што трајно решаваат одредени состојби односно одредени постапки, одредени права на граѓаните.

Почитувани колеги, сега сакам да ги изнесам моите размислувања, моите предлози и забелешки по содржината на законот. Јас писмено накратко ви ги доставив, меѓутоа, сакам тука малку да ги подискутирам затоа што можеби некој од колегите ќе има спротивставени мислења и ќе изградиме попрактично и подобро решение.

Прво ќе почнам од самиот назив на законот. Називот на законот се менува од Закон за извршна постапка во Закон за извршување и обезбедување за да се надмине проблемот што го создава терминот постапка за да граѓаните немаат чувство дека одново водат постапка.

Јас сметам дека предложената содржина, предложениот закон сеуште е оптоварен со процесни решенија, особено во делот кој се однесува на извршување врз основа на веродостојна исправа. Сметам дека треба да се отстранат, барем во овој дел, сите оние непотребни процедурални одредби.

Понатаму, имам забелешка на членот 44 став 1 точка 7 која се однесува на условите за именување на извршители. Сега да цитирам во точката 7 од овој член се утврдени условите за именување на извршител, а во точка 7 се вели дека не може да се именува лице за извршител кое е кривично осудувано.

Сметам дека оваа формулација е преширока и можеме да се доведеме во состојба да не биде именувано лице за извршител кое ги исполнува сите услови за да биде именувано, а доколку е осудувано за некое банално кривично дело. Затоа

сметам дека оваа одредба треба да се преформулира, да се прецизира во смисла за кои кривични дела треба да биде осудувано лицето, а да не може да биде избрано за извршител.

Имам забелешка и на членот 45 каде се предлага министерот за правда да го именува извршителот. Да ми прости господинот министер на оваа забелешка, но ова се однесува заради востановување на подобро решение, сметам дека и вака предложеното решение практично не коинцидира со заложбата на Владата за ограничување на дискреционите права на министрите и на сите носители на функции на власт.

Во моментот не би имала посебен предлог или размислување кој би бил органот што би ги именувал извршителите, но ова го давам како предлог, останува до изготвувањето на текстот на законот да се размисли на оваа забелешка. Сметам дека би било подобро да биде некои независно тело.

По примерот на Законот за вршење на нотарски работи би требало со закон да се утврди на колкав број на извршни предмети на подрачјето на Основниот суд каде се именува извршителот ќе биде именуван извршител.

Имам забелешки и на член 53 кој го регулира прашањето на одговорноста за штета и сметам дека треба со закон да се определи најниската сума на осигурување.

На членот 55 со кој се уредува водењето евиденција од страна на извршителите за примените извршни предмети, сметам дека треба да се допрецизира оваа одредба, а заради унифицирана евиденција образецот за уписникот да го пропишува министерот за да не бидеме доведени во состојба извршителите да ги водат овие евиденции на било какви тетратки или нотеси, значи со законот треба да се утврди образец на уписникот за водење на евиденција на извршните предмети примени од страна на извршителот да го пропише министерот.

Во решението на член 58 каде се зборува за дисциплинската одговорност на извршителите, во ставот 2 каде се определени овластените субјекти за поведување на дисциплинска постапка, сметам дека треба да се прецизира субјектот односно претседателот на Основниот суд да биде како овластен субјект, покрај другите предвидени во решението, за поведување на дисциплинска постапка затоа што во претходните одредби од Законот е предвидена надлежност на претседателот на Основниот суд да врши надзор над работата на извршителите.

Во членот 59 каде се регулира престанок на функцијата на извршителот, согласно забелешката со член 44 која се однесува на условите за именување на извршител и во оваа одредба треба да бидат прецизирани кривичните дела за која може да му престане функцијата на извршителот.

Сега, во членот 65 став 6, предложено е решение извршител при спроведувањето на извршните дејства во случај на отсутност на должникот, доколу нема сведоци, да може да повика нотар. Мислам дека оваа одредба треба да се допрецизира во вакви случаи да не може да биде повикан нотар доколку извршувањето се спроведува врз основа на извршен нотарски акт, а да не се повикува нотар кој го составил тој извршен нотарски акт. Мислам дека за тоа нема потреба од посебно образложение, зошто го предлагам ваквото решение.

Сега малку и од технички карактер.

Во член 162 многу малку имаат технички карактер затоа што тоа ќе биде предмет на работа, подоцна на Министерството, на Секретаријатот и на Законодавно-правната комисија но сепак да го кажам она што сум го забележала.

Во член 162, во втората реченица, зборот "особено" каде што се зборува за одговорност. Нема "особено". Или е одговорен субјектот, или не е одговорен. Значи зборот "особено" да се брише. И во истата реченица меѓу зборот "управителот", да се стави сврзник "и". Така би била појасна реченицата.

Констатирав и невоедначена употреба на терминологија, особено при употребата на терминот непосредна погодба или непосредна спогодба. Предлагачот треба да се одлучи кој термин ќе го земе во примена и доследно да го употребува тој термин од почетокот до крајот на законот. И да не цитирам сега Повеќе членови каде се утврдени рокови. Заради прецизно сметање на роковите потребно е да се прецизира од кога течат овие рокови, затоа што има во повеќе членови испуштено како член 59 став 2, член 60 итн., да не ги читам, бидејќи писмено се доставени до предлагачот.

Сега колеги пратеници, бидејќи јас на една од претходните точки, а тоа беше Законот за измени и дополнување на Законот за кривична постапка, ја изгубив играта со брзи прсти и не можев на време да се пријавам, сакам прво да кажам дека во очекување сум дека овие мои забелешки предлагачот ќе ги вгради, по примерот на она што го направи со моите забелешки по Законот за изменување и дополнувње на Законот за кривична постапка, за што изразувам навистина огромна

благодарност, затоа што, практично, еве, и мои забелешки се вградени во овој закон.

На крајот сакам да констатирам, колку и да сакаат да не критикуваат дека оваа Влада, овој Парламент ништо не работи, дека ништо не се менува, еве само оваа седница, само овие точки на дневен ред доволно зборуваат дека и Собранието и Владата го тера курсот за кој се определи да врши реформи во сите сегменти од општественото живеење, а еве се почнува и со реформи во последната област, реформи во судството. Практично со оваа седница ќе го заокружиме еден сегмент во реформи од судството, а тоа се реформи во процесното законодавство.

Благодарам.

(Со седницата почна да раководи Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодрам г-ѓо Иванова.

Повелете г-дине Караџоски имате збор.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани пратеници,

Најнапред, веднаш да кажам дека, еве, се одзвав на поканата на колешката да се вклучиме во расправата и на вистина сметам дека овој закон заслужува елаборација и заслужува да му се посвети посебно внимание затоа што самиот факт што ни доаѓа еден закон од онаа област, што можеби е рак рана во Република Македонија, тоа е судскиот систем. Овој закон е секако еден од побитните, плкрај оние што веќе на некој начин ги поминавме во Собранието како што се Законот за кривичната постапка итн.

Морам да кажам дека овој закон го гледам во целина, во контекст на една стратегија што имав можност да ја добијам од министерот  каде може јасно да се види која е определбата на Владата на Република Македонија во рамките на судскиот систем, јавното обвинителство итн., што се предлага и кои се новини треба да се вградат за да се дојде до една поефикасна судска власт или подобар судски систем, или во рамките на тоа што тврдам дека скоро сите политички партии, еве години наназад се залагаме за едно пореформирано судство заради остварување на поголема заштита на самите граѓани.

На почетокот сакам да кажам дека, може би од сите оние закони кои во оваа стратегија ги прочитав и во кои се зборува дека во текот на мандатот што оваа

Влада го има, треба да се реформираат, можеби најголемо внимание од сите нив заслужува токму овој закон кој денес го имаме на дневен ред. Тоа не е случајно затоа што ако нешто е најголем проблем во самиот судски систем, токмуу е извршувањето на судските одлуки. Зошто тоа го велам? Затоа што тоа е и крајниот резултат од процесот кој се води пред судовите. Ниеден граѓанин, ниеден субјект не би водел судски спор доколку нема крајна реализација. За жал, објективната состојба во Република Македонија е таква, покрај оној проблем што го имаме со самото процесирање, зборувам за граѓанските предмети, каде што одредени процеси во самата граѓанска постапка траат долго, од многу фактори, се случува и се случуваше до ден денес таа постапка односно тоа долгорочно нереализирање, нерешавање продолжи во извршната постапка и токму тука беше проблемот кога самите граѓани ќе си го постават прашањето, кој е пак ефектот од она што сме иницирале постапки, што сме дале одредени средства, сме потрошиле пари, и на крајот не можеме да дојдеме до реализација на она што сме го предизвикале. Тука сега имаме елаборација од самиот предлагач кој, тоа што сега јас го кажувам се потврдува со бројки. Значи, ако гоземеме период од 1997 година кога се донесе овој закон, во она осамостојување на Република Македонија, кога се излезе со нов закон 1997 година, во континуитт, особено 2000 па 2002 година, овој закон се менува, што јасно потврдува дека и претходните Влади како што сега и оваа Влада го воочувале проблемот дека ова е клучен ссегмент каде треба да се интервенира. Тука јас не би сакал сега да правам дигресии во смисла на тоа која Влада му кажувала на кои проблеми. Факт е, како одело врмето, така сме ги забележувале односно воочувале проблемите или пак се интервенирало, како што сега се интервенира со нов закон и се очекуваат практичните резултати.

Јас би сакал почитуван министре да верувам дека ова што сега го нудите како решение, зборувам како Влада, е тоа кое ќе биде конечно решение, решение кое ќе продуцира со едни пократки, да не ги речам извршни постапки, еве извршување, помал период на реализација на она што се смета судска одлука, со се она што овде во Законот го кажувате. Јас би сакал да верувам. Меѓутоа, за жал, и праксата и времето покажаа дека и за претходните решенија што сме ги носеле од 1997 година, па и 2000 и 2002 година што и во овој закон се во многу работи имплементирани, да не речам препишани и сега остануваат како трајни решенија, за жал не дале којзнае какви позитивни ефекти.

Еве, колешката ја слушав со внимание. Таа спомна дека како добро решение во Законот е она што се предвидува во член 31, доказната изјава и доказниот попис на имот. Јас би сакал и неа да ја потсетам а и пошироката јавност дека тоа не е новина која сега се нуди во овој закон, затоа што тоа е нешто што претходно беше направено со измените во 2002 гоидна, кога тогашната Влада го измени тој закон со еден ваков институт од кој очекувавме, да бидам искрен, бидејќи јас бев тогаш пратеник и гласав за тој закон, исто така и дискутирав. Тоа беше една од новините, како што беше новина и во делот на обезбедување со пренос на сопственоста на предметите и пренос на правата, член 67 и натаму. Тоа беа претходни измени кои тогаш не само јас, туку и поголем дел пратеници и самата Влада се согласи дека ќе придонесат во правец на побрза реализација и наплата на побарувањата, што е и основна цел на извршување.

Меѓутоа, за жал, ако тргнаме од оние податоци што ни ги приложува предлагачот ќе видиме дека ништо не се направило во тој сегмент, во контекст на она што го имаме како статистички податок. Јас ќе морам и заради подобро запознавање и заради јавноста да се послужам со оние бројки што овде ги имаме, што го констатира и предлагачот. Значи од 1997 година па се до 2003 година бројот на предметите кои седат во судовите расте, значи необработени, а прашање е дали се воопшто започнати, како и оној број на предмети кои почнале со работа, ама не се завршени односно не се извршени. Тој број во континуитет расте. Да не ги читам бројките, ќе дадам само еден податок. Имено, во 2003 година, таа бројка изнесува 210.588 предмети, што е факт, што укажа и што сега укажува дека овој закон и оваа материја постојано ќе трпи промени се додека не го најдеме вистинското решение. Затоа кажав и сега ќе повторам јас би сакал ова решение да е тоа што ќе придонесе ваква бројка да немаме во иднина. Ја би сакал како и сите грѓани, нема човек кој излегол пред суд, особено за граѓанска парница, особено таму каде што се зборува за наплата на побарување не сака овој закон да го реши тој проблем и бројката да биде не само 210 илјади туку рапидно запаѓаат и да немаме таква бројка. Значи да имаме нереализирани предмети.

Ќе се задржам повторно на иснтитутот доказни изјави и доказен попис на предмети. Имено во тоа време сметавме дека тоа е револуционерно решение затоа што сите вие ќе се согласите дека најголемиот проблем беше како да се наплати нешто од нешто што не постои односно нешто што нема. Обично должниците одеа со такви приговори дека нема имот, дека не може да се наплати. Имаше одредби во

тој закон каде што ограничуваше до која висина може да се наплати од полати и тн., имаше блокирано жиро сметки, фирми во стечај. Непостоеше  тогаш како да се наплати побарувањето и тоа рапидно растеше и нормално должниците го користеа, покрај оние процедурални мерки, што во самомт закон постоеја, приговори жалби итн. Се дојде до тој институт доказен попис доказна изјава, со тоа што се отвора можност преку една изјава, со закана за кривична одговорност должникот да каже што има на располагање од имот за извршниот суд да може да напрви попис, итн, се со цел да се дојде до наплата на побарување. Тоа и сега е регулирано. Не гледам тука некоја новина, освен она што е во претехонидните измени, сега е внесено во целина на овој закон. Тоа истото и со оние членови  што зборував за обезбедување со недвижност каде исто така беше едно револуционерно, ново решение за да се елиминира  проблемот со гаранциите, со обезбедувањето итн, за да може недвижноста директно да преминува во сопственост на доверителот, а тој во определен рок што овде е утврдено со закон, може да си го наплати побарувањето. Меѓутоа, праксата потврдува дека и тие решенија не дале резултати. Сега каде да го бараме проблемот.

Читајќи го законот се гледа дека проблемот сега се бара во некој друг правец.

Јас и во самото образложение на предлагачот забележав дека првата варијанта за која Министерството за правда се определува, беше овој закон да оди со измени и дополнување, дека со главната измена и дополнување се оди во правец на регулацијата, она што овде е новина. Тоа е во делот на извршителите односно разграничување на службите од самите судии односно самата судска интервенција во овие постапки. И тука и таму во оние членови каде се зборува за роковите, пдонесувањето на жалбите итн., значи една материја која во комплет со она што претходно постоеше, беше како фаза на предлог за измени и дополнување. Потоа Владата се реши да оди со нов закон. И јас сум секогаш приврзаник кога има одредени измени, поготово за вакви системски закони, да се оди со нов закон и јас тоа решение го прифаќам. Затоа што на крајот на краиштата и ние но и граѓаните ќе имаат една комплетна пртстава што Собранието донело, особено еден закон кога два три или четири пати се менува.

Ако се осврнеме на она што е главно решение во овој закон, значи не би дискутирал за сите оние работи кои се веќе постоечки, познати, особено на првната фела. Значи главната новина е делот каде се воведува институтот извршители, каде

што, како што кажува и самиот предлагач треба да се разграничи судското влијание во самото извршување.

Сег кога сме тука, за да не пропуштам додека дојдам до таму, кога веќе зборував зза доказната изјава и доказниот попис, јас би сакал само да ви свртам внимание г-дине министре на членот 31. Ако внимателно го прочитате ќе видите дека е премногу опширен. Едно што е премногу опширен, второ навистина има повеќе работи кои ги уредува, така што би било згодно и правно одржано тој член да се раздели во најмалку два члена. Според мене членот 31 да заврши со зборовите - Министерот за павда ќе пропише образец на изјава од ставовите 1 и 2 на овој член. Понатаму да имаме нареден член каде што веќе зборуваме за предлог, за давање доказни изјави и доказен попис и самата постапка во тој дел. Мислам дека тоа треба да се разграничи со еден нов член, и поприкладно и попрактично применлив.

Сега би се задржал на тоа што е ново решение, извршител и спроведување на извршувањето, Глава ИИИ.

Се согласувам со колешката дека во контекст на ова главно решение што се нуди како главна новина на овој закон, нормално дека и Законот во својот наслов мора да претрпи измена, не е само заради тоа на граѓаните да им свртеме внимание дека не станува збор за постапка, туку и самите решенија кои се га се нудат во овој закон. Тука се зборува за извршување и нормално да носи наслов извршувње и обезбедување.

Сите забелешки во однос на членовите што ги кажа колешката беа и мои нотирани забелешки. Не би ги повторувал, знам дека министерот ги забележа и навистина држат место. Еве тука можеби позицијата и опозицијата се најдоа на исто становиште.

Јас сега во самиот поим на извршители и новината која се нуди, сакам да подискутирам.

Точна е онаа констатација што како предлагач ја кажувате во образложениeто, со тоа што се констатира преголема контрола на извршните судии во однос на постапкаа, не соодветниот статус и ограничени овластувања на службените лица и сите оние аргументи кои овде ги кажувате. Тоа е точно. Таа работа, секој оној кој се занимавал со извршување зане дека е така. Но, дали со ова што сега се предлага ќе се надмине тоа. Тоа е клучното прашање. Тука би требало сите да продискутираме.

Јас во основа го поддржувам решението кое сакате да го понудите, како предлагач, значи сакате да ја раздвоите улогата на извршните судии со самата служба.

Меѓутоа, се плашам дека тоа така лесно нема да оди, особено што работите што сега се кажуваат во овој закон и во Главата ИИИ во многу работи се недопрецизирани. Особено ако се има предвид фактот, ако ги споредиме со другите членови каде што се зборува за постапката и начинот на извршување, повторно имаме на некој начин мешање со ингеренциите. Земете го само начинот на извршување врз основа на веродостојна исправа, земете го било кој друг начин на извршување, повторно се повторуваат и препишуваат истите членови каде што се зборува дека буквално на секое решение има жалба, приговор и повторна постапка.

Мене тука не ми е јасно во дел на образложението на Владата читам дека најголем дел од постапките нема да се водат кај самите судии заради тоа што ќе преминат на системот на извршители и дека тука на некој начин е оневозможено на самите доверители и должници да го процесуираат делото. Од друга страна, земете ги членовите каде што се зборува за извршување врз основа на веродостојна исправа, се зборува повторно за исти рокови и исти начин на поднесување, исти приговор, се зборува за роковите кои се исти како во претходниот закон, осум дена, каде имате суспензивно дејство на приговорот, што го имавте и во претходниот став. Тука не ми е јасно како ќе ги намалиме тие процесни дејствија доколку предметот дојде кај извршителите и не ја гледам причината како извршителот ќе може да го спроведе извршувањето, а имаме постапка по веродостојна исправа, должникот искористил приговор. Дали извршителот, согласно овие членови е над судот, над извршниот судија? Не би можел да биде и не треба да биде затоа што извршниот судија треба да го реши тој проблем. Значи повторно се јавуваме во процесуирање. Тоа што таму се нудат одредени решенија, во делот кога може да се поднесе, на пример членот 74, таму се вели: како решението се побива во целина или само во делот што должникот е обврзан да го намири, судот ќе го стави вон од сила решението, а постапката ќе продолжи како против приговор. Потоа во ставот 3 во делот каде што е дозволено извршувањето, постапката ќе продолжи како постапка по жалба против решението за извршување. Мислам дека ништо суштински не се менува, правото на жалба или приговор, дали во целина или во одреден дел, должникот во целина ќе го користи, со тоа што се упатува на процес и е многу интересно. За да се скрати извршувањето, односно за да дојдеме до состојба да се

изврши одредена судска одлука, во дадени случаи должникот треба да се упати на процес. Како алтернатива, се отвора прашањето што ако тој процес должникот го добие, се јавува институтот против извршување, тогаш нека си го врати тоа што го бара со против извршување.

Исто така, тоа е дискутабилно прашање, според мене контрадикторно, затоа што од една страна имаме целосна постапка, а од друга страна упатуваме против извршување, но од трета страна е членот во кој се збнорува за против извршување, каде има само една единствена причина поради која може да се дозволи против извршување, што е новина во однос на претходните закони.

Мислам дека треба уште да се доработи и добро да се размисли во тој дел, кој е принципот и кој е начинот да дојдеме до поефективно реализирање односно извршување на судските одлуки. Да не зборувам за останатите членови и сите оние постапки кои дефакто се постапки, без оглед како ќе ги кажеме, на извршување од недвижност, подвижни предмети, жиро сметки и тн., кои во најголем дел се исти со одредени мали измени, кои сте ги нотирале во самото образложение.

Потполно се согласувам со колешката дека членот 45 каде се именува извршителот, во никој случај не треба да биде во надлежност на министерот. Не треба да биде во надлежност на министерот затоа што токму тука зборуваме за дискрециони права, токму тука даваме овластување на министерот да може да се поставува според негово убедување и прашање е тука дали тоа држи место и дали тоа ќе го постигне ефектот. За разлика од колешката, јас би предложил како тоа да се реши. Ако може судиите да ги избира да речеме Собранието, зошто не и извршителите, кога истите услови горе долу постојат. Или не мора да биде Собранието, нека биде Владата, сепак еден орган повисок.

Друго прашање. Кога зборуваме за именување на извршителот и за неговото разрешување, субјективизмот постои како сте го регулирале, а тоа е во членот 61 или сега членот 45 кога се именува и членот 61 кога се разрешува, односно еден човек именува, еден човек и разрешува. Навистина овде постојат одредени причини кои сте ги навеле, меѓутоа, бидете сигурни дека во сите нив може да се најде елемент на едно дискреционо право кое може да го користи министерот според негово убедување.

Тука не ја гледам улогата на комората. Се основа комора и вред е да постои комора на извршители, меѓутоа, освен што ќе дава мислење со незадолжителен карактер, нема некое друго посебно овластување ниту кај именувањето ниту кај

разрешувањето. Почитуван министре, би требало на некој начин да се направи комбинација како и во Законот за Јавното обвинителство каде Советот на обвинители презема некоја друга улога, ако ништо друго барем да може да учествува и во изборот и во разрешувањето на јавните обвинители. По мое мислење, зошто комората да нема таква активна улога и при предлагањето и при разрешувањето, за да се елиминира дискреционото право на министерот, доколку остане вака како што предлагате, поточно тоа прашање да го решава министерот.

Во членот 51 "Спроведување на извршни дејствија", во ставот 2 се вели: "Извршните дејствија извршителот ги извршува сам или по негово овластување неговите вработени". Понатаму се зборува во членот 52, во ставот 1 дека "за непосредно спроведување на поедини дејствија извршителот може да вработи и други лица.". Читајќи го овој член, не ми е јасно како може да ги вработи, колку може да вработи и на крајот на краиштата од каде ќе обезбедува плата, затоа што сепак тоа претставува дел од некој буџет, дел од некоја судска власт, каде што не би можело толку слободно да му се дава властување на извршителот дека може да вработува или да отпушта од работа и сепак би требало да има некој лимит, кој во некој член треба да се каже, или барем нам да ни биде појасно, дали во тој контекст треба да добие мислење, одобрение од министерот за правда, Владата и тн., за да не се остави тоа на негово самостојно одлучување.

Исто така, тука би предложил, да речеме според оној критериум кога веќе се зборува и за образецот како треба да изгледа кај извршителите, и за бројот на извршителите и сето она што ќе припадне во надлежност на Министерството за правда, да се определи точниот број на извршители, колку извршители би имале во Република Македонија по разни региони, согласно месната надлежност која ја кажувате, или пак ако веќе се определат извршителите, да се даде рамка согласно предметите и согласно бројот на предметите, така како што и овде тврдите, да може да вработи да речеме минимум толку, максимум толку, ако тоа веќе е субјективност во таа работа. Сепак, мислам дека тоа е едно нерегулирано прашање, односно се дава на волјата на извршителот да прави што сака и ќе имаме невоедначеност, два региони со различен број на извршители, поточно на вработени луѓе и тн. Значи, според мене, кога станува збор за тоа решение, сепак треба да има повеќе улога Министерството за правда, затоа што на крајот на краиштата преку Министерството за правда, вака или така се регулираат изворите на средствата во судската власт, па и во делот на извршување.

За редоследот колешката веќе зборуваше и не би се задржувал на тоа. Според мене, и ова е прашање за кое би сакал да дискутирам. Имено, во членот 56 се вели: “Извршителот за извршните дејствија има право да наплати награда по тарифа, која ја пропишува министерот за правда по предлог на комората на извршители”. Тоа е само еден член, во кој не се зборува ништо особено за некое право што му припаѓа на извршителот. Сега јас го поставувам прашањето како да ја наплати таа награда и каде ќе одат тие средства од наплатата. Лично на извршителот, во посебниот судски буџет и на крајот на краиштата што може да прави со таа награда, а ова ме потсетува како и кај адвокатите, каде има тарифа, имаат право на награда и ова да не е нешто слично на тоа. Исто така, колкава може да биде таа награда не е утврдено, односно не е ставена максималната граница, затоа што некој процент би можел да стои, независно од тарифникот што ќе го донесе таа комора. Мислам дека тука треба да се направат попрецизни решенија за да се знае што претставува наградата, кому му припаѓа и каде ќе одат тие средства. Во оснвоа, ова е една од главните новини и во основа ја поддржувам како новина. Меѓутоа, морам да констатирам дека нема да оди така лесно процесот, дека повторно ќе се јават одредени проблеми при извршувањето, повторно ќе се најдат аргументи за можно одолговлекување на целата таа постапка, па и кај самите извршители, затоа што не е проблемот само во овие што овде сте ги навеле, туку имаме и други проблеми со кои секојдневно се сретнуваме, економски проблеми и др. и како главни проблеми ќе останат, како што констатиравме, сеуште има доста доволен број на процесуирање во самата постапка. Ако веќе одиме на реформа да го заштитиме доверителот, треба јасно да кажеме во која мера да го заштитиме и треба јасно да му дадеме до знаење на должникот за неговата обврска да си го плати тоа што не го платил и да ги исполни обврските. Можноста со оние решенија за кои и колешката и јас зборувавме, и за веродостојната исправа, и кај решението по извршувањето, жалбите и тн., па и во самото доставување - овде имате непрецизни два члена кај делот на доставувањето, се повикувате на Законот за процесна постапка, меѓутоа, каква е таму сега постапката, и тоа е една од големите можности за одолговлекување на самата постапка, односно го добил решението, не го добил, доставено е таму, доставено е ваму и тука треба да има попрецизни одредби и да се скратат по сите оние права кои можат врз основа на таа достава да ги има, на било кој начин да се ускрати таа можност кај должникот да ги користи во функција на одлагање на извршувањето.

Тоа дека само мал дел извршни дејствија ќе бидат оставени кај судовите и дека ќе има целосно растоварување на судовите по предлагањето на овој закон не би се согласил, заради тоа што мислам дека и понатаму ќе има доста предмети. Покрај ова, ќе значи растоварување, но токму во таа мера како што овде констатирате мислам дека нема да биде. Тоа би го рекол начелно.

Пак би завршил така како што почнав. Би сакал ова решение навистина да даде резултат, меѓутоа, убеден сум, затоа што неколку фази помина овој закон и некои решенија кои секогаш во тие фази сме ги пофалувале кога сме ги донесувале, во практиката тешко заживувале. Би сакал да најде примена онака како што овде е предвидено, меѓутоа, обеден сум, иако ќе го усвоиме и ќе дадеме позитивен сигнал, ќе го поддржиме овој закон, меѓутоа, и откако ќе го усвоиме во догледно време, можеби после една година или повеќе, овде ќе се најде нов предлог со нови измени, можеби не во овој дел што сега е новина, меѓутоа во некој дел, што произлезе и од нашите дискусии. Затоа сигурно се размислувало и во Владата дека е се јават повторно проблеми кои ќе ја кочат оваа работа, ќе се најде една пречка меѓу извршителите и судиите, и тн., како сето тоа да се разграничи. Практиката ќе си го направи своето. Се надевам дека Министерството ќе ја следи работата и навремено ќе делува, затоа што реформирањето на судскиот систем, ако некаде најмногу треба да се одрази и ако некаде навистина треба да најде соодветна примена со јасни и прецизни решенија и нормална примена во практиката, тоа е токму во овој сегмент. Тука е сето она што го зборуваме, странски инвестиции, доверба кај некои инвеститори, потоа за доверителите доколку сакаме да инвестираат во Република Македонија, доколку сакаме да се претставиме и пред Меѓународната заедница, особено со нашата желба да влеземе во ЕУ, треба да се претставиме онака како што тоа Европа го работи, а тоа значи да имаме ефикасна наплата и ефикасно решавање на сите спорови.

Уште нешто би кажал. Во образложението прочитав дека ваков систем на извршување имало во Република Словенија и дека таа го применила, меѓутоа, не прочитав и не слушнав како таму поминал тој период и каква е денешната состојба со примената на тој закон, односно дали има позитивни резултати или останале слабости, или колку е тоа позитивно ако е позитивно, односно дали навистина тој концепт заживеал таму. Можеби, која била причината од која се раководела Владата и кај нас дека тој модел ќе даде резултати, затоа што сепак Словенија и Македонија се различни држави во економски и друг поглед. Значи вреди трудот, вреди обидот,

времето ќе покаже, а да се надеваме дека проектот ќе успее, но да се надеваме и да седиме со отворени очи и да бидеме подготвени, таму каде што ќе има слабости, а ќе има слабости да се направат и змени. Веќе кажав дека го поддржувам овој предлог.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Караџоски.

Бидејќи господинот Томиќ се откажа, следен на ред за дискусија е господинот Аднан Јашари, кој не гледам дека е присутен.

Дали некој друг бара збор?

Господине Витановски, дали на вас ви се доволни четири минути за дискусија? (Не).

Во тој случај објавувам пауза до 14,00 часот.

(Пауза).

(по паузата седницата продолжи во 14,02 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа.

Има збор Јанаке Витановски.

ЈАНАКЕ ВИТАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван министер,

Денеска расправаме по Предлогот за донесување на закон за извршување и обезбедување. Јас ќе се осврнам на две работи.

Прво, ќе кажам неколку збора за потребата за донесување на овој закон и ќе кажам мое видување за целите кои што се постигнуваат со овој закон и некои новини кои што се во законот. Сметам дека Владата на Република Македонија оди кон реформите и овие реформи во правосудниот систем веќе излегуваат и на виделина, веќе ги поминавме Законот за кривична постапка, Законот за општа управна постапка и еве сега го носиме законот, мислам сега е Предлог за донесување на закон за извршување и обезбедување. Сметам дека со ваквиот начин на работа, мислам со реформите мораме да одиме напред доколку сакаме да влеземе во Европа и да бидеме чекор кон ЕУ. Овој закон кој што се га е Предлог за донесување на закон за извршување и обезбедување , претходните мои колеги ги кажаа своите видувања, своите ставови по овој закон. Јас ќе ја искористам оваа прилика да кажам

за овој закон, она што мислам дека е побитно и не би се повторувал во многу работи.

Основната работа за која што сакам да кажам дека претходниот закон кој што беше Закон за извршна постапка во голема мера беше многу бавен и процесот на извршување на судските одлуки во граѓанските предмети како и во одлуките од органите на државната управа се обавуаа многу бавно и таа постапка траеше многу долго, па се случуваше овие постапки да траат пет, 10 па и повеќе години. Заради тоа во овој дел беше неопходно да се изврши измена, односно се носи нов закон што е за поздравување, ова не е измена и дополнување на овој закон, туку овој е нов закон и тоа ќе оди во две фази што сметам дека е многу добро, бидејќи ќе можеме сите да дадеме свој придонес во носењето на овој закон. Сега би кажал неколку работи како потреба за донесување на овој закон бидејќи со постојниот закон се укажа на бројните проблеми кои пред се се лоцираа во сферата на долготрајноста на извршувањето, како и во фактот дека извршните судии се преоптеретени со голем број неизвршени предмети. Мислам дека еден од основните проблеми со кои се судруваше Законот за извршна постапка е тоа што судиите беа тие кои ја контролираа и ја вршеа целокупната извршна постапка, а додека службените лица во судовите беа лимитирани во своите овластувања и во своите права при извршувањето. Со новиот закон кој се предлага сега има еден нов вид, тоа ќе биде на извршување , ќе има посебни извршители. Сметам дека една друга работа е многу битна, бидејќи доколку има правосилни пресуди од областа на граѓанската постапка, а ако овие пресуди не се извршат, работата е завршена половично. Затоа треба овој закон за ефикасно извршување на овие одлуки. Сметам дека овој закон тоа и ќе го постигне.

Како што истакна и министерот и колегите, мислам дека една од причините и потребите за донесување на нов закон тоа е огромната бројка на неизвршени предмети во судовите и која што бројка постојано се зголемува, па сега во последната година 2003 имаме преку 200.000 предмети кои се во судовите, а се неизвршени досега. Јас би спомнал два до три проблема кои што сметам дека се основа за носење на нов закон, а тоа се пред се преголемата контрола на извршните судии во однос на постапката и несоодветниот статус и ограниченото овластување на службените лица во судовите, како и многубројните можности за приговори и прекини на постапката од страна на должникот. Тие се за мене трите клучни работи кои што се неопходни и во новиот закон кој се предлага тоа ќе биде изменето.

Сметам дека со овој закон кој што вели, ќе го цитирам членот 1 и тука ќе дадам мој коментар, вели, со овој закон се определуваат правилата според кои судот и извршителите постапуваат заради присилно извршување на судска одлука која гласи: неисполнување на обврска , како и заради обезбедување на побарувањата. Значи, обезбедувањето, односно извршувањето ќе го врши судот и извршители. Тоа е една од поголемите новини која што треба да се вметне и која ја има во овој закон.

Сега ќе се осврнам на она што го спомнав и пред малку, што ќе се постигне со овој закон и некои новини и мое видување по однос на предложените членови кои се предлагаат во овој закон. Сметам дека со овој закон ќе се зголеми ефикасноста на извршната постапка и со овој закон за извршување на поинаков начин ќе се уреди извршувањето во судските пресуди од граѓанската сфера, сосема на поинаков начин. Самиот збор и самиот наслов на овој закон кој што сега се нуди, а тоа е закон за извршување и обезбедување, значи, немаме постапка. Досегашниот закон беше Закон за извршна постапка. Сметам дека овој збор, терминот “постапка” се изоставува и граѓаните треба да сватат, а и сите оние кои ќе работат со овој закон и судовите и извршителите дека со ова веќе не се води некоја посебна постапка пред судовите, туку со овој закон едноставно се врши извршување на веќе еднаш донесени и одобрени судски одлуки.

Сега ќе се навратам на некои мои видувања во однос на овој закон. Бидејќи моите колеги претходно зборуваа, јас ќе се осврнам само на неколку сегменти. А тоа е на системот на извршители. Сега во овој закон имаме веќе нов начин, односно имаме еден систем на извршители кој што со години некаде го применуваат на пример во Словенија кој се покажал многу ефективен. Извршителите ќе претставуваат лица со јавни овластувања и ќе бидат надвор од судовите. Тие во најголема мера ќе го преземат извршувањето на судските одлуки кои што претходно ќе бидат одобрени од страна на судот, а само мал дел од извршните дејства ќе бидат оставени кај судовите. Тоа значи дека целосното растеретување на судовите од спроведувањето на извршните дејства кои што досега претставуваа голем проблем во досегашната постапка, сега ќе бидат во извршители.

Имам мал коментар на неколку делови од овие извршители, тоа е во Главата 3. Не навлегувам во членовите, но ќе дадам свој коментар.

Прво, околу именувањето и разрешувањето. Во Предлогот е дадено дека тоа ќе го прави министерот за правда. Мислам ќе биде преголема обврска и одговорност

на министерот доколку тој ги именува и ги разрешува овие извршители. Моето видување би било дека тие би требало да се именуваат и да се разрешуваат од страна на Владата, а по согласност на Комората која што е овде во некои членови. Исто така, мислам дека треба да се разработат и објаснат одредбите со кои се уредува односнот извршители и судија при процесот на извршувањето. Исто така, бројот на извршителите вика дека ќе биде според основните судови. Треба да се има во предвид и бројот на предметите кои што ги имаат тие судови. Тие се некои работи и околу тарифата која што треба да ја наплаќаат , тоа е во членот 56 и тука треба да се обрне внимание која е таа тарифа, на кој начин ќе се носи, колку ќе изнесува, во кој буџет ќе одат тие средства. Мислам дека тие ќе бидат основните работи за кои што треба да се произнесе и да се размисли и тоа да го направи Министерството за правда, бидејќи овие извршители ќе бидат основните носители за извршување на оваа постапка.

Исто така, една од новините која што се предлага во новиот закон, тоа е дека во однос на месната надлежност на судовите.Досега пракса беше месната надлежност да се определува според седиштето на носителот на платниот промет, а сега е предвидена надлежност според живеалиштето, односно седиштето на должникот. Мислам на овој начин ќе бидеме поекспедитивни и ова ќе биде една од новините која што ќе придонесе за ефикасно и брзо извршување.

Во однос на приговорите исто така е во ред таа новина кај приговорот од страна на должникот против решението за веродостојната исправа приговор може да даде должникот, освен ако има и соодветни докази.

Не би навлегувал во другите членови, бидејќи дискутираа колегите. Јас како пратеник ја подржувам потребата од донесување на овој закон, а примената на овој закон ќе биде една година после донесувањето, така што ќе има време сите овие субјекти кои што се опфатени во законот имаат време од една година да се прилагодат. Сметам дека со донесувањето на овој закон ние ќе имаме зголемување на ефикасноста во извршната постапка. Јас во целост го подржувам овој текст.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор пратеникот Аднан Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Ви благодарам г-дине претседател.

Предлогот на еден ваков закон за една ваква содржина сигурно оценувам дека е резултат на настојувањето на оваа Влада за да создаде еден правен ефикасен

систем што е неопходна потреба за да се реформира правниот систем во Република Македонија. Покрај овие реформи нормално дека ќе треба да се настојува да се зголеми ефикасноста на извршувањето на судските одлуки од областа на цивилното право. Досегашното спроведување на законот за извршна постапка што е во сила во Република Македонија има покажано многу слабости од аспект на остварувањето на процесот на извршувањето на судските одлуки, односно забрзувањето на остварувањето, или завршувањето на овие судски постапки.

Од друга страна како што знаеме сите Република Македонија е членка на ЕУ за слободите на правата на човекот и како резултат на ова е задолжена да ги оствари правата на граѓаните во утврдени временски периоди, бидејќи поради ова пред извесно време Комитетот на министри во Европскиот совет имаа изготвено препораки, утврдени препораки за извршувањето на судските одлуки. Токму понудените решенија предвидени во текстот на овој предлог закон, изгледа предлагачот има направено максимални залагања да ги имплементира и овие решенија предивдени со овој закон. Од друга страна како што знаеме сите, има и една посебна причина каде што се има во предвид настојувањето на Република Македонија за да го усогласи законодавството со ЕУ и членството во оваа унија е можеби и главната причина зошто предлагачот предлага еден ваков закон. Имајќи го во предвид фактот дека со судовите раководат, или се како раководители на извршната постапка во согласност со законот кој е во закон за извршна постапка и од друга страна имајќи го во предвид фактот бројот на предметите нереализирани, неостварени, со право предлагачот изнаоѓа решенија кои ќе овозможат да се надмине една ваква состојба. И токму преку ова што се предлага се сака да се направат измени во правната рамка со што е предвидено да се измени извршувањето на законот, или речено, и менувањето на овој закон кој сега ќе биде како закон за извршување и обезбедување, а не како што беше досега, Закон за извршна постапка. И токму во овие измени се отстранува можноста за една дополнителна постапка во извршувањето, или извршувањето на судските извршни постапки. Но, во суштина мислам дека преку овие измени кои се понудени се овозможува да се направи извршувањето на судските пресуди на еден начин, или да кажам со една едноставна постапка. Исто така тоа што можеби е за да се нагласи, што се рече и од моите претходни колеги, дека предвиденото што е во овој закон, во текстот на овој закон е остварувањето на судските извршни постапки преку т.н. систем на извршители, систем кој е пристапен и функционира во многу европски

држави и што е можеби позначајно да се нагласи, овој систем е многу ефикасен. Овој систем подразбира извршување на судските извршни постапки од страна на лицата кои се именуваат како извршители , лица кои сега ќе имаат утврдени јавни овластувања надвор од судските органи. Овие лица може да имаат можност да имаат одредени мерки за извршувањето на судските извршни постапки кои претходно се дозволени од страна на судските власти. Додека во оваа насока токму судовите речиси нема да имаат некое влијание во овие извршни постапки. Со овие решенија изгледа предлагачот сака во целост да ја олесни работата на судските органи бидејќи токму од досегашната пракса овој проблем бил еден голем товар за судските органи и можеби беше главната причина за таква неажурност. Нормално дека се предвидени и други измени кои подетално, или на збирен начин ги елабoрираше министерот. Во оваа насока би дал неколку забелешки кои можеби некои од нив се забелешки од формално правен карактер, некои од нив се забелешки од материјален карактер.

Мислам дека во членот 24 добро би било да се објасни кога чекот и меницата можат да имаат улога на еден доверлив документ, иако на еден начин предлагачот во овој член дава одредени образложенија. Членот 31 врз основа на можностите овој член така како што се нагласи од некои претходни колеги би било добро да се преформулира, или на еден начин да се одвои во неколку членови. И тоа да се направи врз основа на можностите.

Членот 44 кој зборува за именувањето на извршителот и каде основен услов би бил дипломиран правник. Во оваа насока е добро да се види можноста и другите лица кои имаат талент во оваа област да им се овозможи да го имаат статусот на извршителот.

Во Членот 45 за кој се говореше, кој е во однос на органот кој го именува извршителот, а тоа е министерот, несакам да говорам за оваа точка, бидејќи се говореше доста.

Членот 57 кој говори за надзорот на работата на извршителот од страна на претседателот на основниот суд, додека исклучително му е дадена можноста и министерот да врши надзор.

Но, и покрај тоа мислам дека е добро да се нагласи на дециден начин случаите кога овој надзор од министерот може да се изврши.

Земено во целост јас оценувам дека овој предлог е предлог кој има стандарди, содржи стандарди и се спроведува во многу развиени држави и како таков оценувам дека треба да се поддржи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и ги молам пратениците да влезат во Собранието.

(Некои пратеници влегуваат во салата)

Молам, службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници)

Службите нека го утврдат бројот ве молам.

Благодариме.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за извршување и обезбедување.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за извршување и обезбедување, при што ќе ги има предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела, мислењата и предлозите на пратеникот Цветанка Ивановска и од расправата на седниците на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, мислењата и предлозите од пратеникот Цветанка Иванова, како и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за правда.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, 63 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на 28 точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование, со Предлог на закон.**

Предлагачи пратениците Иван Анастасовски, Славица Станковска, Славица Грковска, Соња Лепиткова, Јусуф Арифи и Тасим Сулејмановски.

Известен сум дека овластен претставник на предлагачите е господинот Иван Анастасовски.

Бидејќи тој е присутен тука, можеме да продолжиме со расправата.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот, мислењето на Владата, извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Согласно точка 2 од Амандманот X од Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Анастасовски, имате збор.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Благодарам почитуван претседателе, колеги пратеници,

Во името на предлагачите јас ќе кажам  неколку збор по однос на тоа што беше намерата за дополнување и изменување на Законот за основно образование.

Па како што и вие рековте јас на почетокот, ова всушност е дополнување и изменување на Законот за основно образование, во еден член каде што намерата на предлагачите беше да се допрецизира и утврди точно постапката како надарените и талентираните ученици за една да земат две години. Тука постои мислење на Владата кое такво како што е, значи тоа беше значи можеби еден пресуден момент во одлуката како да се произнесеме  колегите пратеници по однос на измени и дополнувања на Законот за основно образование. Само би сакал да потенцирам дека текстот односно измената на овој еден член е усогласена со текстови на закони кои се на земјите од Европската Унија. Значи за тоа како предлгачи ние водевме сметка и друго не би сакал многу да коментирам,бидејќи на матичната комисија овие измени добија виза на матичната Комисија за образование, наука и спорт. Значи овде како предлагачи ќе го респектираме мислењето на колегите пратеници, бидејќи тие го имаат мислењето од Владата по однос на овие измени,што тоа е сепак мислење, не е нешто обврзувачки. Како колеги ќе имаме респект за тоа како ќе се изјаснат колегите  пратеници. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Повелете госпоѓа Станковска, имате збор.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Кратко да дополнам нешто што колегата и можеби испушти. Не е спорно и Министерството да не спори дека постои потреба од прецизирање на поостапката за напредување на одредена категорија на ученици, но ветуваа дека во определен законски рок ќе ги донесат подзаконските акти кои ќе ја регулираат и оваа материја. Можеби и тоа е причина поради која и може да се размисли дека Законот може да почека малку и да видиме како и кога Владата ќе реагира. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Службите да го утврдат бројот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 13 за, 4 воздржани и 44 против.

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

**Минуваме на 29-та точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование, со Предлог на закон.**

Предлагачи пратениците Иван Анастасовски, Славица Станковска, Славица Грковска, Соња Лепиткова, Јусуф Арифи и Тасим Сулејмановски.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот, мислењето на Владата и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Согласно точка 2 од Амандманот X на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ве молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претерсот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 11 гласале за, 4 воздржани, 47 против.

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

**Минуваме на 30-та точка - Предлог на програма за одбележување годишнини на значајни настани и истакнати личности во 2005 година.**

Предлагачи пратениците Елеонора Петрова-Митевска, Кирил Дојчиновски, Михајло Георгиевски, Роза Топузова - Каревска, Гајур Сарач, Јордан Михајловски и Фазли Велиу.

Предлогот на програмата Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на програмата.

Комисијата за култура поднесе амандмани на член 2 во точките 9,10,11,14,19,26,36,37,38,40 и 41, на член 2 за додавање нова точка 26-а по точката 26, со кој се согласил претставникот на предлагачите и тој е составен дел на текстот на Предлогот на програмата.

Пратеникот Коста Прешоски, поднесе амандман на член 2 за додавање нова точка 42 по точката 41, по кој претставникот на предлагачите не се произнел.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за додавање нова точка 42 по точката 41, поднесен од пратеникот Коста Прешоски.

Молам, еден од предлагачите да се произнесе.

(Пратеникот Елеонора Петрова - Митевска бара збор, а истовремено и пратеникот Славица Грковска бара збор).

Имате процедурално госпоѓо Грковска?

(Пратеникот Елеонора Петрова - Митевска објаснува дека бара збор да се изјасни во име на предлагачите во однос на амандманот на пратеникот Коста Прешоски).

Не, прво е пријавена госпоѓа Грковска.

Имате ли процедурално?

Госпоѓо Петрова, јас ја водам седницата и пријавена е прва госпоѓа Славица Грковска.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали вие сакате процедурално нешто?

(Пратеникот Славица Грковска од место се изјаснува дека била пријавена за претходната точка, но не добила збор од претседателот).

Се извинувам.

Тогаш, дистрибуцијата е униформа бидјеки тоа се случило сега кај сите пратенички групи на време да не се реагира.

Повелете госпоѓо Петрова Митевска имате збор.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА МИТЕВСКА:

Благодарам претседателе.

Амандманот на Коста Прешоски за ставање, по точката 41 да се додаде нова точка 42 што ќе гласи " 100 години од признавањето на власите како народ" се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со пререс по тексто тна Предлогот на програмата.

Молам, кој бара збор?

Госпоѓо Петрова, повторно?

Повелете.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА МИТЕВСКА:

Благодарам г-дине претседателе.

Почитувани колеги пратеници, денеска како точка на дневен ред е програмата за одбележување на годишнини на значајни настани и истакнати личности во 2005 година. Оваа група на дејности е во надлежност на Комисијата за култура од 2002 година, кога Комисијата за култура стана задолжена за одбележувањето значајни настани и истакнати личности во одредена година.

Во досегашните години секогаш имавме проблем, при донесувањето на програмата, не толку од суштествен карактер, туку повеќе од периодот кога беше донесувана програмата, бидејки секогаш беше донесувана кон крајот на годината. Како таква донесена програма не можеше да биде вклопена во Буџетот за наредната година, а со тоа најчесто се создаваа проблеми во понатамошното финансирање на одбележувањето и на значајните настани и на личностите што требаа да се одбележат во наредната година.

Оваа година, Комисијата за култура навреме ги започна работите, така што програмата е потполна и доставена до вас, во рок, со тоа што ќе може да влезе сега

во парламентарна процедур аи се надевам дека Парламентот ќе ја донесе, за да можат сите овие настани и личности понатаму да бидат вкалкулирани во Буџетот што ќе биде донесен за наредната година и да не постојат никакви пречки во фиансирање на значајни настани и одбележување на истакнати личности за 2005 година.

Денешната програма е направена на ист начин како и досегашните години, мошне совесно, не само од страна на членовите на Комисијата, туку и институциите што ги предлагаа настаните што би влегле за одбележување на оваа година. Притоа , се водеше сметка да бидат застапени и заедниците кои живеат во Република Македонија. Така што, сметам дека оваа програма е избалансирана и според историското значење што го опфаќа, меѓутоа и според настаните и личностите што се застапени од другите етнички заедници.

Во оваа програма сега веќе се предложени 43 настани и некои амандмани што беа од технички карактер, што го појаснуваа определвуањето на тоа кој ќе бид еносител на одбележувањето на програмата, а за основен настан во одбележувањето на програмата е предложено да биде 60 години од формирањето на првата народна Влада на Федерална Македонија коај што во април следната година одбележува 60 години.

Покрај овој значаен датум, одбележани се многу годишнини не само од поблиската историја, како на пример 60 годишнини и други значајни настани сврзани со наШата понова историја, туку и голем број значајни личности, револуционери од Илинденското востание, како и од Народно ослободителната борба, меѓутоа исто така и настани и личности, настани што се случиле пред повеќе од 300 или 400 години. Одбележано е и 600 години од раѓањето на Ѓерѓ Кастриоти Скендер Бег. Покрај овие настани одбележани се и голем број на личности од областа на културата во Република Македонија за кои што се одбележани јубилеји врзани за нивната 10-ет годишнина од смрта или 100 годишнина од раѓањето.

Се на се, програмата, покрај историски настани и културни настани е конструирана и формирана така да ги покрие сите значајни настани што имаат јубилеј за одбележување во наредната 2005 година. Ја се надевам дека вака комплетна програма ќе биде прифатена од Собранието на Република Македонија.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ви благодарам госпоѓо Петрова.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата, имаме вкупно 60 пратеници.

(Пратеници влегуваат во салата).

Предлогот на програмата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 59 гласале за, нема воздржани, 1 против.

Во салата за време на гласањето беа присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието ја донесе Програмата.

**Минуваме на точката 31 - Предлог одлука за на трошоците за избор на претседател на Република Македонија 2004 година на организаторите на изборната кампања кои истакнале кандидати за претседател на Република Македонија.**

Предлагачи се пратениците Јани Макрадули, Рафис Алити, Замир Дика и Чедомир Краљевски.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никојне бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставамна гласање.

В еповикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 63 гласале за, нема воздржани,нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

**Минуваме на точката 32 - Мислење и предлози на Комитетот за односи меѓу заедниците вов рска со состојбите во основното и средното образование, со посебен осврт на остварувањето на правото на наставата на јазикот на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија во областа на образованието.**

Предлагач е Комитетот за односи меѓу заедниците.

Мислењето и предлозите на Комитетот за односи меѓу заедниците ви се доставени.

Ве известувам дека согласно Амандманот ХИИ, точка 1 став 5 на Уставот на Република Македонија Собрането е должно да ги разгледува мислењето и

предлозите на Комитетот за односи меѓу заедниците и да донесе одлука во врска со нив.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави пратеникот Ејуп Рустеми, а потоа нека се подготви пратеникот Јусуф Арифи.

ЕЈУП РУСТЕМИ:

Благодарам г. претседателе.

Почитувани дами и господо,

Комитетот за односи меѓу заедниците, со оглед на фактот дека нејзините надлежности се регулирани со Уставот на Република Македонија за разгледување на прашањата во однос на меѓуетничките односи, имаопределено неколку теми што веруваме во иднина ќе се разгледуваат во Комитетот за меѓуетнички односи. Една од нив е и точката што ја имаме на дневен ред, а тоа е разгледување на состојбите во основно и средно образование, со посебен осврт на остварувањето на правото на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија. Тоа беШе целта поради која причина се дискутира околу ова многу чувствително прашање, како што е образованеито.

Поаѓајки од фактот дека образованието претставува едно од главните предности на секое општество, инвестирањето во оваа област се поврзува одблиску со успехот на реформите, со развојот, како и Европската интеграција. Долгорочните цели во образовниот систем се поврзани со зголемвуање на ефективноста и квалитетот на системот, со цел да обезбеди подготовка на учениците со потребните знаења што ќе им овозможат да ги искористи шансите за интегрирање во еден демократски систем, во една отворена економија, во еден свет што се соочува со глобализацијата.

Поаѓајки од ова, а имајки ја предвид досегашната состојба на образовниот систем општо во Република Македонија, за нас ќе биде правдано ние да дискутираме и како Парламент да го дадеме нашиот придонес и  покрај тоа што Министерството за образование се ангажир аи прави се што може во однос на подобрување на образованието на идните генерации.

Поради оваа причинакако Комитет побаравме мислење од  Министерството за образование, на кој Комитет се разговараше, имавме богата дискусија од страна на сите членови на Комитетот за меѓуетнички односи. Таму, како што знаете има

претставници од сите етнички заедници кои живеат во Република Македонија. Од многубројните дискусии, можам да кажам дека Одлуката беше донесена едногласно, мислењата, предлозите и мерките што ние мислиме дека треба да се преземат, а со цел за подобрување на состојбата во обласата на образованието во Република Македонија. Од сите дискутанти беше спомнато, како едно од најзначајните рпашања и мерки што треба да се превземат во образованието, а тоа е подобрувањето на училишната инфраструктура. Од тоа што беше акжано и од инфорамциите што ги добивме од Министерството за образование, можам да кажам дека една од пречките и проблеми што сега бараат итно решение е обезбедување на училишните простори во Република Македонија.

Зошто го велам ова? Можам да кажам дека е општо гледање на сите пратеници кои дискутираа, како главен проблем беше  посочено интервенирањето во училишната инфра структура. Многу училишта се наоѓаат во многу тешка инфраструктурна состојба. За многу училишта е потребно да се подобри нивната состојба. Во одредени училишта нема оснвони, минимални услови за следење на анставата во основното и средно образование.

Но, со оглед на фактот дека ја с доаѓам од Тетово би сакал да ја потенцирам и сегашната состојба во општина Тетово. Можам да кажам дека во 6 основни и средни училишта поради мал број на училишна инфраструктура, 6 училишта мораат да работат во три смени. Исто така, поради недостик на овие објекти, бројот на ученици во една паралелка е преголем. Бројот на ученици во некои паралелки е над 40. Бројот на ученици во една паралелка и просторот на кој што учат не е поголем од 40 м2. Ова бара поголем ангажман од нас во насока на решавање наовие инфраструктурни проблеми.

Од Инфорамцијата што ја добивме и од министерот кој беше присутен на состанокот на Комитетот за меѓуетнички односи беше дека Буџетот што сега го има на располагање Министерството за образование, не е во можност да интрервенира и да ги подобри условите во овие училишни објекти. Тоа, и како вкупен заклучок од страна на сите членови на Комитетот, што верувам дека ќе наиде на подршка и кај целиот Парламент, со цел во иднина, во Буџетот на Република Македонија да се определат поголеми средства за Министерството за образование, за подобрување на овие инфраструктурни услови. Овој аспект е клучен за доброто развивање на образовниот циклус.

На Комитетот беше заклучено дека се потребни инвестирања, средства штотреба да се определат во Министерството за образование, а на Министерството за образование не треба да гледаме како на трошач на буџетските средства. Сите ние на ова треба да гледаме како инвестиција за иднина, инвестирање воидните генерации што ќе бидат впрочем и носители на европските и евроатланските интеграции.

Затоа, иако сме свесни во каква економска состојба се наоѓа Република Македонија, треба да бидеме многу внимателни и да понудиме подобри услови на нашите деца, со цел да имаат подобро и посовремено образование.

Токму затоа, една од мерките што ја предлагаме, тоа е точката 1, во Буџетот на Република Македонија предлагаме да се предвидат поголеми средства за инвестирање на инфраструктурата и подобрување на инфраструктурата.

Наредната мерка штоја предлагаме како Комитет за меѓуетнички односи е Министерството за образование во иднина да посвети поголемо внимание на исполнување на образовните кадри на сите оние наставни јазици кај кои ќе се оцени недостаток и тоа за сите етнички заедници кои живеат во Македонија.

Исто така, да се обезбедат услови и за факултативна настава на сите јазици на етничките заедници кои живеат во Република Македонија, затоа што само преку познавање на јазиците на едните и другите, на културата на едните и другите ќе влијае врз подобрување на етничките односи и ќе придонесе за подобар соживот.

Во Комитетот за меѓуетнички односи беше побарано од членовите на етничките заедници кои не се мнозинство, Министерството за образование уште пвоеќе да се ангажира, иако тоа го прави во голема мера, уште пвоеќе во однос на издавачките дејности во смисла на издавање училишни текстови. Знаеме дека пред нас е фазата на децентрализација и дека оваа област може да биде многу чувствителна во однос на децентрализацијата, знаеме дека сите образовни процеси биле децентрализирани, биле водени од Министерството за образование. Нас, во иднина не очекува децентрализација на образованието каде што некои надлежности преминуваат на локално ниво. Затоа, сите членови на Комитетот предлагаат Министерството за образование да биде повнимателно со цел во иднина при преминувањето, трансферот на овие надлежности од Министерството за образование на локалната власт да биде по внимателно при овој процес, да не се појават дополнителни проблеми во образованието односно тоа да се преточи во намалување на квалитетот на образованието.

Друго прашање на кое што треба да се ангажираме сите, било да е позиција или опозиција, тоа е да постигнеме целосна деполитизација на образованието. Ова е значајно прашање во однос на кое можеме да речеме образованието било многу политизирано до сега. Затоа го поздравуваме Министерството за образование кое што врз основа на законите кои ги предложи, а ние ги усвоивме за основно и средно образование и се во насока на деполитизација на образованието, ние дополнително треба да го дадеме нашиот придонес во оваа насока, сите политички партии, сите пратеници да се ангажираме во насока на целосн аполитизација на образованието.

Доколку успееме во тоа, верувајте, а јас сум целосно уверен дека со целосната деполитизација на образованието ќе имаме поквалитетно образование по совеермено образованеи, образование преку кое што ќе станеме членка на евроатланските структури.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВКСИ:

Благодарам г-дине Рустеми.

За збор е пријавен пратеникот Јусув Арифи, а потоа нека се подготви пратеникот Коста Прешоски.

Господине Арифи, повелете.

ЈУСУФ АРИФИ:

Почитуван претседател, почитувани колеги и колешки.

Поаѓајќи од фактот дека образаванието е еден сегмент значаен за општеството е главен столб на иднината. Тешката состојба во образованието треба да не вознемири сите нас. Ќе се потрудам кратко да ја претставам состојбата во образованието во Тетово. Јас сум сигурен дека таква тешка состојба е во сите градови во Западна Македонија. Посебен проблем е просторот во училиштата и тесната урбана средина. Според моите пресметки еден ученик во Тетово има 46 см простор за движење, додека стандардот препорачува 3м2.

Средните училишта во Тетово се и регионални училишта, што ја отежнува уште повеќе оваа состојба. Во Тетово има 34 основни училишта, 17 периферни училишта и 5 средни училишта.

Бројот на учениците во Тетово и околината, во основното образование е како што следи: 22.500 ученици кои ја следат наставата на албански јазик, 3950 на македонски јазик и 285 на турски јазик.

Во средните училишта во Тетово имаме 7.100 ученици кои наставата ја следат на албански јазик, 2150 на македонски јазик и над 200 ученици на турски јазик. Значи се вкупно во Тетово како град има околу 20 илјади ученици кои имаат само една библиотека, а ниту една сала за читање, без кино, без театар, без спортски сали кои постојат и ниту одблиску не ги исполнуваат нивните потреби. Училиштата во урбаните средини имаат над 34 ученици, бидејќи недостасуваат школски објекти. А од друга страна, со закон е предвидено една паралелка да има 34 ученици. Како пример можеме да земеме една паралелка од средно економско училиште каде бројот на учениците е 48 ученици во една паралелка. Состојбата е речици иста и во другите средни училишта во Тетово. На републичко ниво образованието на албански јазик недостасуваат 60 кадри. Овие работни места се исполнуваат со несоодветни кадри. Во рамките на државата Бирото за развој на образованието, недостасуваат советници албанци речиси за секој предмет.

Подрачното Министерство за образование имајќи го предвид бројот на учениците има многу малку вработени кои не успеваат со успех да ги извршуваат нивните активности и должности.

Во однос на средствата во образованиот систем, можам да кажам дека нивниот недостаток се јавува во сите училишта, било основни, или средни училишта. Сето ова придонесува за падот на квалитетот во образованието. Ниските плати се една загуба на мотивацијата на наставниците. Еден голем број на наставниците и професорите, иако над 5 години се вработени не им се овозможува да добијат решение за работа што влијае за демотивирањето на образовниот кадар. Не треба да се заборави дека сите негативни околности на општеството влијаат на директен или индиректен начин во свеста на учениците, студентите и образовниот персонал, бидејќи немаат перспектива а ги резигнира и апатира истите.

Посеабно поглавје е археологијата која ја инсталира минатата власт, која сега тешко се повлекува од нашите простори. Овде мислам за системот на вредности каде квалитетот не се почитува, туку одлучуваат некои критериуми кој за цел имаат мито и други комбинаторики со непознати бројки. Сите појави имаат негативно влијание во образованието. Распаѓањето на образованието на албански јазик отпочна веднаш од 1981 година, каде ова распаѓање траеше една деценија во кој период секој ученик се чекаше да се отстрани од училиштето, каде секој работник во просветата беше преокупиран со впечатокот дека денес или утре тој ќе се отстрани од образовниот процес или ќе се повлече за исклучување на негов колега

од ривијални причини. Како на пример името на синот му е национално призвучје или обвинет за важни активности.

Се разбира дека сето ова што го кажав влијае врз сегашната состојба на образованието и верувам дека последиците од тој период ќе бидат присутни во иднина. Значи ова духовно растројство на албанското образование има потреба од позитивна дискриминација, со цел да се компензира тоа што било изгубено и со тоа што треба да докажеме дека нашиот пат е Европа. Со образование треба да едуцираме идни нови европјани, независно на која заедница тие припаѓаат.

На крајот ефективната ентузијастичка работа на министерот и неговиот тим ни дава надеж дека тешката состојба во образованието ќе се подобри, што во изминатите две години Министерството за образование и наука според можностите и конкретно делуваше, како на пример изградба на нови училишта, поправка на стари училишта, отварање на нови паралелки, донесување на Законот за високо образование и Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за основно и средно образование каде се интервенираше во новата состојба, така и во децентрализацијата.

Посебно ми се допадна проектот нацртот за модернизирање на образовниот процес, затоа што за реализацијата на овој процес беа обезбедени средства од Буџетот на Република Македонија.

Се разбира, дека во процесот на модернизирање Министерството за образование, наука и спорт треба да се поддржи од страна на сите други државни институции, независно на кое ниво припаѓаат. Исто така од разни образовни асоцијации и од сите фактори кои на индиректен и директен начин учествуваат во образовниот процес. На тој начин ќе успееме да му помогнеме на образованието и на нашата иднина.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Коста Прешоски, имате збор, а потоа нека се подготви пратеникот Абдулаким Адеми.

КОСТА ПРЕШОСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Беше добро на оваа седница да имаме претставник од Министерството за образование, но што е тука е, но сигурно тој следи преку телевизискиот пренос.

Денеска на оваа собраниска сесија гоимаме мислењето и предлог мерките за односи меѓу заедниците, што произлезе како резултат од Владата, од нејзината седница, а во врска со состојбите во основното и средното образование, со посебен осврт на остварувањето на наставата на јазикот на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Ова мислење, информацијата изготвена од Управата за развој и унапредување на образованието и иницијатива на заедниците и информацијата изготвена од Министерството за образование и наука една добра основа за квалитетна расправа. Добро е што Комитетот иницира расправа за состојбите во основното и средното образование на припадниците на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија. Но сакале или не, ние мораме овој проблем како комплетен и значаен да го разгледаме на два нивоа и да ја согледаме состојбата во основното и средното образование во насока на подобрување на условите, во смисла на осовременување на образованието за целата ученичка популација и да се задржиме на прашањата поврзани со правото на настава на јазикот на заедниците кои не се мнозинство во оваа област, утврдено со Устав и закон. Односно, за ова последното треба да одговориме дали Република Македонија има правилен пристап, добра нормативна поставеност и дали сето тоа може и се имплементира во практиката.

Овој материјал што е пред нас содржи доста сугестии и предлози за надминување на констатираните проблеми во оваа сфера. По оваа проблематика дискутирав на седницата на Комитетот за односи меѓу заедниците, како припадник на Влашката заедница. Исто така, ова мислење на Комитетот за односи меѓу заедниците, на моја иницијатива беше разгледано и од претставници на Власите во Република Македонија, Лигата на Власите и Унијата за култура на Власите во Република Македонија.

Затоа, дел од нивните забелешки и сугестии, за надминување на присутните проблеми и пројавените слабости, а во насока на поддржување на предложените мерки од страна на Комитетот во даденото мислење, поконкретно за Влашката заедница ќе ги изнесам во мојата натамошна дискусија.

Ова што денеска расправаме е содржано во Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, член 14, ќе ми дозволите да го цитирам: став 1 вели: “страните се обврзуваат да му го признаат на секој припадник на националното малцинство правото да го изучува својот мајчин јазик”. Става 2 вели:

“во подрачјата населени со национални малцинства, по традиција, или во значителен број, доколку постои доволно големо барање, страните ќе вложат напори да обезбедат во рамките на можноста и во рамките на нивниот образовен систем, на припадниците на тие малцинства да им се овозможи да го изучуваат мајчиниот јазик, или да посетуваат настава на тој јазик”.

Овој член, навистина, дава широко поле на слободна процена, водејќи сметка за евентуални тешкотии, од финансиски, административен и технички карактер, во изведувањето на наставата на јазикот на заедниците кои не се мнозинство Република Македонија.

Можноста за изучување на малцинскиот јазик, или за настава на тој јазик, нема да биде на штета на изучувањето на официјалниот јазик, или на наставата на тој јазик. Всушност, познавањето на официјалниот јазик е фактор на општествена кохезија и интеграција.

Нашата држава во оваа сфера превземе соодветни мерки, со цел, лицата припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да имаат адекватни услови и можности да го учат нивниот мајчин јазик. Влашката и Ромската заедница или имаат настава на нивниот мајчин јазик, албанската, турската и српската заедница и покрај тешката економска состојба во која се наоѓа Република Македонија, како и флексибилните потези на меѓународните инструменти во оваа сфера, Владата на Република Македонија, обезбедува предучилишно основно и средно образование на јазик на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Имајќи го предвид ова, а и нашата законска регулатива во оваа сфера, Законот за основно и средно образование, можам да заклучам дека Влашката и Ромската заедница на овој план се маргинализирани, а  Бошњачката заедница ја нема никаде, т.е., е само спомната во ставот 1 на Информацијата изготвена од управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците.

Кога сме туак да кажам дека со формулацијата на овој став, јас не се согласувам. Цитирам: “во Република Македонија наставата во основно и средно образование се реализира на 4 наставни јазици: македонски, албански, турски и српски, а факултативната настава се изведува на влашки, ромски и бошњачки јазик”. Не се согласувам бидејќи, врз основа на информациите што ги имаме, наставата во основно образование се реализира на 4 наставни јазици: македонски, албански,

турски и српски, а се вели дека факултативна настава се изведува на влашки, ромски и бошњачки јазик.

Се прашувам, дали за бошњаците ова е точно. Одговорот е не. Се прашувам дали во средното образование факултативна настава се изведува на власшки, ромски и бошњачки јазик. Повторно одговорот е не. Се прашувам каде се учениците припадници на влашката, ромската и бошњачката заедница. За нив не е предвиден да го изучуваат својот мајчин јазик, како што тоа е предвидено во основното образование. Зборувам за средно образование.

Затоа предлагам да се најде форма и овие ученици да го изучуваат својот мајчин јазик и во средното образование. Дали тоа ќе биде факултативна во изборниот дел, или во делот на задолжителни изворни програми и содржини, тоа е сеедно. Но, сепак мора да се согласиме сите дека кај нас, во нашата држава, примената на овие образовни стандарди се над посочените минимум меѓународни стандарди во оваа област.

Ќе се задржам на мерките, односно заклучоците дадени во мислењето, со посебен осврт на припадниците на Влашката заедница. Да кажам дека проблемите кои се јавуваат во текот на остварувањето на правото на образование се добро лоцирани. Исто така дадени се предлози, сугестии и мерки во 6 точки за надминување и разрешување на тие проблеми.

Дозвоелете, прашањата што ги тангираат Власите, а содржани во предложените мерки нактатко тука да ги елаборирам и конкретизирам, односно да ги набројам, се со цел, предложените мерки во мислењето од Комитетот во пракса доследно да се имплементираат.

Прво, во последните неколку години не е издаден ниту еден учебник за факултативна настава на влашки јазик, па наставниците кои ја реализираат наставата, тоа го остваруваат од еден буквар и читанка издадени во 1997 година во тираж од  2000 примероци. Имам информација дека изданијата се исцрпени.

Предлагам Министерството за образование и наука да го разреши овој проблем со отпечатување на друго издание од посочениот буквар или читанка. Во овој период не е превземено ништо за издавање на лектирни изданија на влашки јазик, како и на едно списание за деца.

Исто така учебниците по историја и литература кои се користат во Република Македонија  не е превземено ништо за воведување содржини за власите, т.е. за националниот, културниот и религиозниот идентитет на Власите.

Второ, време е да се изготви нова и поквалитетна наставна програма за изведување настава на влашки јазик.

Трето, за потребите од изведување на факултативна настава по влашки јазик во основните училишта во Република Македонија, организирани се два семинара за наставен кадар кои ја изведуват наставата на влашки јазик. Со така обучениот и оспособен кадар, отпочна да се изведува настава по влашки јазик. Но за жал, тој наставен кадар се осипи скоро низ целата држава. Причина наставници по македонски јазик кој го познаваа и влашкиот јазик, а пред се наставници ентузијасни кои во меѓувреме се вработија на неопределено време во училиштата, согласно нивната професија и квалификација, напуштајќи ги факултативните часови по влашки јазик.

Предлагам Министерството за образование и наука, заедно со претставниците на Власите во Република Македонија, Лигата на Власите и Унијата да организираат слични семинари. Информиран сум во меѓувреме дека во постапка е организирање на семинар за обука и осовременување на наставен кадар за потребите за изведување на настава на влашки јазик. На овој план се има искуство и тоа да се направи со невработени наставници власи, или со наставници власи кои во училиштата каде работат немаат доволен број часови.

Исто така, на затекнатите наставници кој покрај својот предмет изведуваат и настава на влашки јазик, Министерството за образование и наука да им излезе во пресрет и заради нивна сигурност, за потребите на влашката заедница да им издаде решенија за вработување на неопределено време. Бројот на овие наставници е мал, а за ова е разговарано со министерот, но нема конкретен резултат.

Четврто, исто така не е решено прашањето со отворање на студии за наставници по влашки јазик, за што беше донесена одлука на Педагошкиот факултат во Штип.

Затоа предлагам да се поддржи иницијативата на Педагошкиот факултет во Штип за отворање на катедра за настава по влашки јазик. За наставници по македонски јазик, кој гои познаваат влашкиот јазик, за да можат истите да реализираат настава на влашки јазик за децата од влашката заедница.

За таа цел, Министерството за образование и наука треба да обезбеди средства во висина од 15 илјади евра за реализирање на оваа дополнителна дејност на овој факултет.

Ова за што зборував е проблем кој што може во иднина да се искомплицира, да биде дури и нерешен, т.е. да немаме наставен кадар за изведување на факултативна настава на влашки јазик. Затоа, останува организирана обука на наставниците по семинари и тоа веднаш и отварање на студиска група по влашки јазик на Педагошкиот факултет во Штип.

Недостигот на квалитетен кадар на влашки јазик претставува голем, а ако не и катастрофален хендикепт на Влашката заедница.

Петто, проблеми од бирократска природа, односно предлог процес во одобрувањето и отворањето на нови паралелки во редовната и факултативната настава. Да напоменам дека бројот на децата Власи, кои сакаат да посетуваат настава на влашки јазик е голем и во овој момент можат да се формираат паралелки во Струга, Охрид, Кичево, Штип, Свети Николе, во Скопје, Куманово, Велес, Лозово, Битола, Крушево итн.

Во учебната 2003-2004 година факултативна настава на влашки јазик се одвиваше само во Штип, Битола и Крушево. И покрај сите напори при средбата со министерот за образование и наука, во учебната 2003-2004 година не се оствари барањето на Власите за настава и во неколку други основни училишта. Унијата за културата на Власите во Македонија и Лигата на Власите сметаат дека за ваквата состојба вина сноси управата поради недоволното ангажирање. Состојбата со изведувањето на факултативната настава на влашки јазик во оваа учебна година не е позната во кои училишта ќе се изведува, колку ученици итн.

Кога зборуваме за ова прашање, барам Министерството за образование и наука да го корегира своето укажување под број 10 - 3038/55 од 19.09.2003 година доставено до директорите на сите основни училишта во кој што вкупниот број на наставни предмети опфатени со факултативната настава се ограничува на четири.

Бидејќи повеќето директори тоа го злоупотребуваат за тенденциозно да ја исфрлат факултативната настава на влашки јазик, за таа цел треба факултативната настава на мајчин јазик да не влегува во лимитираната бројка од можни 4 предмети на факултативна настава.

Шесто, ја поддржувам идејата на Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците за формирање на комисија, во која рамноправно ќе учествува и управата, која исклучиво ќе работи на согледување на реалните можности за отворање нови паралелки за редовна и

факултативна настава на јазиците на припадниците на заедниците, за разрешување на проблемот со наставен кадар и во издавањето на учебници и лектирни изданија.

На крајот, го поддржувам мислењето и предложените мерки од комитетот, а во врска со состојбите на основното и средното образование, бидејќи тоа е уште еден чекор напред во остварувањето на правото на настава на јазикот на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија и кон подобрувањето на условите во сверата на образованието, без разлика на јазикот на кој се изведува наставата, а со цел подигање на квалитетот на образованието воопшто.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, г-дине Прешоски.

Повелете г-дине Адеми, потоа збор има пратеникот Неждет Мустафа.

АБДУЛАЌИМ АДЕМИ:

Благодарам, г-дине претседател.

Да зборуваме за наставата на етничките заедници кои не се мнозинство во Републикава, треба да го имаме предвид Уставот заедно со измените кои следат од имплементацијата на Охридскиот договор, како и меѓународните конвенции кои се однесуваат за правата на детето и првата на човекот во целина.

Република Македонија има едно големо богатство во одонс на етничкиот состав на државата, бидејќи е една мултиетничка држава но ова богатство треба да се искористи на соодветен начин. Овој мултиетнички состав исто така е еден предизвик за државните институции но и предизвик за лидерите кои раководат со државата. Засновајќи се на надлежностите на Комитетот за меѓуетнички односи, истиот имаше една посебна седница која му ја намени на состојбата во основното и во средното образование за етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, сигурно дека имаше тука и дискусии доста конструктивни и на крајот донесовме и одлука и еве денес и на пленарна седница дискутираме за истото размислување, истата одлука и на Комитетот за меѓуетнички односи.

Доколку не грешам ова е првпат што се разгледуваа оваа тема од овој карактер во највисокиот законодавен орган во Републиката. Доколку се засноваме на Уставот на Република Македонија каде се дефинира дека основното образование е задолжително и гарантирано од страна на државата, тогаш и државата е принудена да обезбеди услови и да создаде можности за да се следи и да се

развива наставниот процес на сите ученици без оглед на кој дел на државата живеат и без оглед на фактот на бројот и јазикот со кој зборуваат тие ученици.

Од друга страна правото за основно образование, задолжително образование и бесплатно е гарантирано и врз основа на разни конвенции, чиј потписник е и Република Македонија. Ќе ја спомнам Конвенцијата за правото на дете, членот 28 од оваа Конвенција, понатаму членот 26 од Конвенцијата за правата и слободите на човекот. Кога сме кај организирањето на основното образование за етничките заедници кои зборуваат различен јазик од македонскиот, можеме да го спомнеме примерот на Унгарија, каде доколку осум семејства се обратат до надлежните органи на нивните деца да ја следат наставата на својот мајчин јазик, на истите им се овозможува и се исполнуваат сите услови за школување со стандарди кои се доволни за школување Доколку ова искуство го земеме и овде кај нас, мислам дека сме многу далеку од ова, но овие искуства треба да ни послужат како позитивни примери за надминување на конкретните состојби и овде кај нас во Република Македонија. За да се има квалитетно образование и да имаме повисока ефикасност, сигурно треба да се преземат конкретни чекори и да се заопкружат реформите во областа на образованието. Сега, сме ги усвоиле Законот за средно и основно образование, каде се предвидуваат квалитетни измени како во решението и именувањето на раководните органи во основните и во средните училишта така и за децентрализацијата или пренесувањето на надлежностите од централната на локалната власт и со ова ќе се постигне да се отстранат влијанијата на политичките партии и на централната власт во училиштата.

Понатаму, еден од условите кој влијае во квалитетот на образованието, сигурно е и образовниот кадар. Сег е евидентно дека наставниците не се авторитети, значи го немаат тој авторитет, кој го имале пред неколку децении. Ова се случи поради многу причини како од социјалните, политичките, економските и други услови. Но, немањето авторитет како во општеството на наставникот, има и последици ова во самиот квалитет на образованието, но ќе има последици сигурно и во општеството во целост. Затоа , мислам дека државата треба да преземе конкретни мерки за да се врати авторитетот на наставниците.

Друг удслов за подобрување на квалитетот е обуката на наставниците каде ќе се обучуваат за настава и со нови методи за работа. Понатаму, релацијата родител - наставник е на многу ниско ниво што влијае негативно во квалитетот и успехот на самите ученици и деца на тие родители. Има родители кои се интересираат или се

сретнуваат со наставникот само кога неговото дете треба да го повтори класот. Другата група се интересираат само за успехот на нивните деца, а трета група на родители постојано соработуваат со наставниците. Но, за жал, третата група е многу мала.

Главен проблем кој влијае на директен начин во квалитетот на образованието, сигурно се школските објекти каде се одвива наставниот процес. Има школски објекти каде што не постојат елементарни услови за развој на едукативниот процес и да не говориме зај помошните објекти, како што се спортските сали, лаборатории, и кабинети по информатика кои недостасуваат.

Затоа, мислам дека Владата односно министерството за образование треба да се ангажира за да инвестира во подобрувањето на постојните објекти во изградбата на нови објекти таму каде што реално има и потреба. Постојат училишта каде поради недостатокот на просторот наставата се одвива во три смени, со скратени часови, со голем број на ученици и со редуцирана настава. Ова влијае на квалитетот на наставата. Јас ќе спомнам само еден случај каде сам лично сум бил присутен заедно со Комисијата за контролата на објектот на основното училиште во село Дебарце општина Желино. Тука се констатира дека постои реална опасност, таванот на стариот објект да падне во секој момент и перманентна опасност за учениците кои ја следат наставата во тој школски објект. Ова е еден од многуте други случаи во подрачјата каде за 50 години не се инвестирало во ниту еденј школски објект. Затоа, уште еднаш нагласувам, тие инветиции се неопходни, но сите знаеме колкав е буџетот на Министерството за образование и наука.

Од тука јас би апелирал до Владата, во предвидениот буџет за Министерството за образование и наука да има финансиски средства за изградба на нови објекти и обновата на постојните објекти кои не ги исполнуваат елементарните критериуми. Кога сме кај школските објекти каде се одвива наставата, мислам дека Министерството за образование треба да се ангажира за рационално искористување на објектите, бидејќи така како што нагласив и претходно од една страна имаме објекти каде наставата се одвива во три смени, додека од друга страна имаме објекти каде наставата се одвива само со една смена иако ги исполнуваат сите услови неколку ученици да се преместат во тие училишта.

Кога зборуваме за школувањето на етничките заедници, треба да нагласам, дека секоја етничка заедница има свои специфики, со кои се разликуваат со другата заедница, како што се јајзикот, културата, историјата и тн. Ова од една старна е

богатство за самата држава и општеството но од друга страна е еден предизвик, тежок предизвик за самата држава и општеството.

Поаѓајќи од ова за квалитетно образование на етничките заедници, покрај условите, општите услови што ги спомнав, треба да се исполнат и некои предуслови, како што се, наставниците кои ја одржуваат наставата да го познаваат јазикот на учениците на кои се одвива наставата, да обезбедат учебници за сите јазици на етничките заедници. Предметот по историја и по музика треба задолжително да се изменат во нивната содржина итн. А, други активности кои треба државата преку надлежните органи да се ангажира се вклучувањето на поголем број на ученици, кои го завршуваат основното образование во средните училишта. И, ако ја анализираме информацијата од Министертсвото за образование, ќе видиме дека од година на година бројот на тие што се опфатени во средното образование, се зголемува. Така, доколку во 2001 година, овој број бил 91000, оваа година бројот на тие кои се опфатени во средните училишта е 95000. Ова значи, опфатеноста на учениците во средните училишта, пред се, може да се постигне преку стимулативните мерки за младите, за да го продолжат срендото образование. Посебно, овде треба да се опфатат стимулативните мерки за продолжувањето на школувањето на сите нивоа за женската популација и децата во целост во длабоките планински подрачја. Ова може да се постигне со отворањето на средните училишта во поголемите села, а не да се концентрираме само во градовите. Овие цели се и предвидени во лисабонската стратегија и мислам дека овие цели ќе се вклучат, инкорпорираат во националната стратегија за образование која се изготвува и е во јавно разглдување во Министерството за образование. За остварувањето на овие цели и за ефикасност во оваа насока, треба една поголема координација на повеќе органи, не само во Министерството за образование, туку и пошироко и со еден поголем, поширок консензус.

Една појава, која што треба што побрзо да се отстрани од училиштата, сигурно е употребата на учениците за политички цели. Мислам дека овде треба сите ние да го дадеме нашиот придонес било како личности и било како политички партии. Сите сме сведоци на разни политички партии каде учениците од средните училишта се принудуваат да учествуваат на тие средби. Затоа, оваа појава треба што побрзо да се отстрани од училиштата.

Процесот отпочнат од Министерството за образование за компјутеризација или обновата на училиштата со компјутери ќе им овозможи на учениците да ги

остварат предметот по информатика и во праксата. Тоа што сакам да го нагласам во моментов е дека инветициите од страна на државата во областа на образованието, не треба да се разбератедноставо како инвестиции или трошење на буџетот, туку тие треба да се сметаат како инвестиции во иднината на нашите деца и иднината на нашето општство.

На крајот да нагласам дека ги поддржувам активностите на Минситерството за образование за процесот во реформите во образованието на сите нивоа и ќе го поддржам мислењето на комитетот за меѓуетнички односи, одлуката на парламентот која ние ќе ја усвоиме на крајот на оваа точка од дневниот ред.

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодрам,

За збор се јави г-дин Неждет Мустафа.

НЕЖДЕТ МУСТАФА:

Благодарам, почитувана потпретседателке, почитувани колеги пратеници,

Денес за мене, навистина претставува посебна чест и простор да се говори после незнам колку изминато време за образованието на заедниците во Република Македонија и дури тоа е некоја привилегирана состојба да ја имаме можноста денес да се слушне гласот на мојот народ и нивната состојба на образование во Република Македонија.

Навистина, би сакал да го поздравам концептот и идејата за овој извештај на Комитетот за односи меѓу заедниците, а секако и да го поздравам нивниот ангажман на анализа и на информација за актуелната состојба на образованието на ромите во Република Македонија, на управата за образование, на заедници и нејзиниот претседател Драган Недељковиќ, што за мене и за мојата партија претстави, е навистина големо задоволство за неговиот несебичен ангажман во однос на неговата објективна и непристрасна информација во однос на образованието на Ромите.

Во содржината на текстот и она што го имаме како пратеници можеме да се сретнеме со едни тешки статистички податоци и со едни тешки анализи. Впрочем и она што дури и меѓународната заедница, ЕУ, и Советот на Европа даваат силни сигнали за положбата на ромското образование во Република Македонија дека навистина треба сите, особено Владата на Република Македонија треба да го

заостри својот слух за потребите и решавањето на образованието на ромите, што се наоѓа во една доста, доста незавидна состојба.

Сакам да ја искористам можноста и да ви се обратам дека сум свесен мојот еден глас нема да направи влијание, ниту може да ги решава дернес преку оваа говорница проблемите на образованието на Ромите во Република Македонија, но повикувајќи се на тоа дека ромите се и граѓани на Република Македонија, вие самите знаете какви граѓани се, сметам дека сите навистина без разлика, како што рече предходниот колега, дискутант на опозиција или позиција, во било кое време, несебично треба да се ангажираме ромите да си го зафатат своето место во образованието и да немате такви комшии кои се најнеобразовани во Република Македонија. Во однос на тоа, сметам дека тоа не е срам на ромите, поради тоа што тие се трудат да постигнат какво-такво образование, туку е срам на сите нас, кои сме им соседи на ромите и кои дозволуваме со отворени очи да ги гледаме како потонуваат во нивното необразование и во нивниот успорен процес на развој.

Прашање е дали Република Македонија сака да направи развој на одредени заедници само или тоа ќе биде еден демократски концепт и демократски пристап за развој на образованието на сите заедници во Република Македонија. Денеска јас навистина не сакам да го упторебам зборот односно терминот на кој што и меѓународната заедница и последниот извештај на ИКИ наведува дека образованието на Ромите во Република Македонија е во голема доза на дискриминација. Еве, јас ќе го кроистам терминот обесправени.

Почитувани колеги, мојата грижа односно нашата грижа за ромското образование веќе е подолго време и моите претходници, пратнеици и колеги, а и голем број на ромски невладини организации и политички партии секој дневно со своите дописи и со своите анализи до сите нас не известуваат за алармантната состојба на ромското образование во Република Македонија. Но, ете ние и понатаму се однесуваме доста глуви во однос на потребите на кој што ромите денес ги имаат. Ние и оваа година поминавме една загубена година токму во однос на уписот на децата на средните и високите училишта и за жал можам да ви кажам дека и оваа година заврши во општо разочарување на една група на ромски интелектуалци на мојата политичка партија, на родителите на ромскиот народ дека повторно беа злоупотребени квотите, претставувајќи се на ромските квоти како роми, а во секој случај имале имиња и презимиња од друга национална заедница. Дури и по сите силни реакции на мојата политичка партија и со лични мои средби со директорите на

високите и средните образовни институции, мојот напор заврши без никаков резултат, без да се рефлектира квотата на ромите и да се прифати колку и да е, ако се примат од стотина студенти роми од македонци, албанци, а само 3 се примаат роми, дури и тие три места им се земаат на ромските деца, злоупотребувајќи ги со другите заедници.

Денеска оваа моја реакција или овој мој говор знам дека нема да ги реши нашите проблеми, но навистина верувам во нашиот систем сеуште дека ќе создаваме сериозен напор, а и кога имаме меѓународна реакција за образование на ромите редно е и ние тука како граѓани, како сожители да си подадеме рака и да му помогнете на мојот народ во нивното еманципирање.

Мислам дека стереотипноста кон ромското население од неромско население треба еднаш да се елиминира дека се ромите мрзливи и дека не сакаат да се образуваат, тоа е нешто што остава простор на еден расизам, тоа е простор кој кај мене и кај мојот народ предизвикува  едно силно незадоволство затоа што самите сме свесни дека социјалната состојба на ромите е таква што дури не може да продуцира услови за одржување на наставата на ромите во средното и високото образование, но и како такви прават силни напори и покрај нивната физичка и прљава работа, прават напори да ги образуваат своите деца, што значи дека не смееме да фрламе флека на ромските деца дека се мрзливи, дека не сакаат да учат, па од тие причини тие деца ќе ги среќаваме пред семафорите како чистат шофершајбни или како питачат. Тоа не е вина на ромскиот народ, туку вина на нашето општество што се однесуваме со голема негрижа во однос на ромската заедница.

Колеги пратеници, сега навистина сакам да искористам една фактичка состојба во однос на образовната состојба на ромите во Република Македонија  и ве уверувам дека нема да го злоупотребам вашето трпение за сосема кратко време ќе успеам да посочам неколку примери во каква мизерна состојба се наоѓа образованието на ромите во Република Македонија.

Ќе наведам еден пример кој е даден во извештајот во однос на основното образование во 1998 година од вкупно запишани 7602 ученика завршија само 372 ученика. Тоа е бројка која треба да претставува за сите нас една сериозна грижа, грижа за која треба да се трудиме останатиот дел од ромите, на ромските деца кои не завршија основно образование веднаш ги осудуваме на перспектива нула. Тоа се

движи до некаде 1990 година каде од вкупно 7757 завршија само 400 деца, таков е процесот на ниво на развој на завршени деца се до 2001 година за кои располагаме со овие информации.

Во однос на средното образование истата 1998 година реков претходно дека од вкупно запишани во основно образование 7602, а завршиле само 372 деца сега за средно образование од вкупно запишани 450 редовно завршија само 93 и вонредно само 5 деца.

Оваа мизерна и страотна статистика се движи до 2002 година, се надевам дека нашето Министерство за образование и наука од оваа година особено кога е ера на ромите, Декадата на ромите финансирана од Светската банка, каде има силно влијание кај нашата Влада и во Министерството за образование, јас ве уверувам дека Декадата на ромите ќе го осветли процесот на образованието на ромите во Република Македонија  и ќе постанат рамноправни граѓани со сите заедници во нашата држава.

Ќе кажам неколку забелешки во однос на предучилишното образование. Можеме најобјективно да кажеме дека во сите места каде што живеат ромите надвор од поголемите градови да кажеме Шуто Оризари, Штип, Битола, Прилеп, Куманово, ромските родители немаат можност да ги носат своите деца во предучилишните установи. Тоа е од оправдани причини затоа што нивната економска, социјална положба не дозволува нивните деца од најмали години да посетуваат градинка, да ги учат основните работи и тие неподгодвени и тоа во најголем процент одат во основно училиште. Длабоко верувам особено во Декадата дека ќе се разработи таа шема на услови за предучилишно воспитување на ромските деца токму таму во таканаречените, простете на терминот, ромските гета каде што живеат ромите, токму таму да се создаваат услови за предучилишно воспитување се со цел да се подготват ромските деца за основно образование.

Во рамките на основното образование пораките од Министерството за образование и наука дека се целосно концизни и објективно насочени во најслабите точки каде треба да се задоволат потребите на ромската заедница, особено ставам акцент на подобрување на програмите со надополнување на предметите по историја со историја на ромскиот народ. Сметам дека ромските деца треба да ја знаат својата историја и во основното образование по предметот историја треба да се ангажираме да се воведе  предмет Историја на ромскиот народ и знаејќи ја

сопствената историја сигурно ќе ја знаат уште повеќе историјата на другите народи и заедници.

Во однос на основното образование голема грижа и внимание од невладините организации и целиот ромски народ дека поради лошиот изглед, лошите услови без топла облека, па од тие причини голем број на талентирани ромски деца не одат на настава и покрај мизерните животни услови не одат на настава поради тоа што лошо изгледаат, поради тоа што секој ден треба да појадуваат, а нивните родители немаат такви услови. Зборувам за талентирани деца, ова навистина ви го велам лично се сретнав со нив, имам лични податоци, талентирани ромски деца остануваат дома само поради тешката сиромаштија што ја поседуваат нивните родители. Тоа е рана не само моја, не само на мојот ромски народ, тоа треба да биде наша заедничка рана и имам сознанија дека многумина од вас како колеги пратеници им помагате на ромските деца на наоѓајќи им преку невладини организации или преку ваши структури помагаји ги тие талентирани деца и нивните фамилии да се воздигнат и да го довршат барем основното образование.

Значи, положбата на ромското образование уште од основното е доста трагична и трогателна и поради тоа мојата грижа сакам да ја пренесам до ваз како еден единствен пратеник сметам дека мојот глас е заедники глас и токму од тие позиции јас очекувам целосна поддршка од вас, дури од Министерството за образование и неговата служба објективно непристрасно да се приклучат кон помошта на ромското образование.

Навистина не сум присталица да се изградат средни и основни училишта таму каде се гетата на ромите. Сметам дека ромските деца треба да се образуваат во сите заедници таму каде што живеат и наша теза е дека ние не сакаме да организираме училишта само за ромските деца или за воспитување само на ромските деца. Тој  мултиетнички концепт на оваа држава е наша основна идејна авангардна мисла и ние строго застануваме таму каде се сите деца да им овозможиме услови за образование и на ромските деца, да не се срамат другите деца, односно родителите на тие деца ако седат во клупа со ромските деца оти тоа тешко ги навредува ромските деца. Имаме такви информации, такви анализи дека обично ромските деца каде се со мешано население не одат на училиште токму заради тоа што во клупа седат сами. Другите деца не сакаат да седат со нив, им смрдат или им пречат, но во секој случај ромските деца остануваат сами да се образуваат.

Почитувани колеги, средното и високото образование е стимул за еден процес, еден развој на една заедница на едни граѓани за кои сите се залагаме тука да останеме граѓани, а потоа припадници на било која етничка заедница. Сакам да ви укажам дека никгоаш не ќе можам да се чувствувам рамноправен со сите вас како колега пратеник доколку сите вие односно сите ваши служби дали некогаш ќе бидете во позиција или опозиција, мислам на политичките партии, за нас ромите е висока положба, но нема да се чувствувам рамноправен доколку вие не ни создавате услови за рамноправно образование на нашите деца, доколку вака ни оставате успорен развој. Тоа не е само наша штета, тоа е штета на државата што ќе има такви необразовани граѓани. Тоа нема да биде срам на ромите, тоа ќе биде срам на Македонија што ние со нашите извештаи, а за ваша информација можам да ве известам како генерален секретар на Ромскиот европски форум при Советот на Европа не е добро да ги известувам моите колеги и колегите амбасадори во Министерскиот комитет при Советот на Европа, не е добро да им давам сигнали дека во Република Македонија не се создава слух за ромските права. Како граѓанин на оваа држава сеуште тоа не си го дозволувам, но јас се надевам дека заедно со вас подеднакво ќе се ангажираме ромските барања да бидат објективни, а не министрите со месеци и години да не бидат отворени за решавање на било кој проблем на ромската заедница, особено во процесот на образованието на ромите.

Особена болка на ромската заедница е уписната година. Јас зачнав, на почетокот на мојот говор во однос на ова. Доколку навистина сакаме да одиме по принципот на позитивна дискриминација во однос на ромската заедница, сметам дека почнувајќи од Комисијата за образование и наука во Собранието на Република Македонија, па до хиерархија да се прекине квотата, да нема квота за упис на ромските деца. По принцип на позитивна дискриминација уписот на ромските деца да биде без квота, а дали ќе се запишат во гимназија, во Средно медицинско училиште 5-10 деца, тоа треба да не радува, а не да имаме проблеми во Средно медицинско училиште да запишеме само двајца, па дури и за тие двајца да ургираме преку премиерот, преку претседателот на државата за да запишеме само двајца роми или само тројца во Полициската академија од кои само двајца се македонци, а едниот е ром. Одговорот на директорката беше дека никој нема право да го забрани националното искажување на било кое дете при уписната година. Да, се е во ред, но родителите на тоа дете се македонци, има извод на родените и таму пишува дека е македонка. Од вкупно 120 примени полицајци, а на квотата да бидат само тројца или

од тие тројца успешно да биде запишан само еден ром, а двајцата македонци, мислам дека тоа не е повеќе срам за мене, тоа е срам за оние што го прават и еднаш засекогаш министре треба да престанеме со таквата злоупотреба особено најдовме ромите да ги злоупотребиме. Едвај наоѓаме по три-четири деца да запишеме во некое средно училиште, па и тие кога сакаат да се запишат, тогаш наоѓаме аргументи како да им ги затвориме вратите на ромските деца во образованието.

Значи, министре јас ќе се ангажирам до крајот на мојот мандат да нема квота, мислам на уписна квота за ромската заедница.

Сметам дека отварањето на едно средно училиште во населбата Шуто Оризари и во моите разговори со мнистерот ќе биде од високо значење за ромите. Таму има мешано население, таа е мултиетничка општина Шуто Оризари и нашите неофицијални информации дознаваме дека во Министерството има средства за изградба на едно такво средно училиште во општината Шуто Оризари, па ја користам оваа можност да се обратам јавно до министерот за образование иако начелна согласност ми даде дека се има желба Министерството за образование да изгради едно училиште за средно образование, гимназија во Шуто Оризари. Сметам дека тоа значително ќе го зголеми мотивот за образование на ромските деца и за сосема кратко време можеме сите во Република Македонија да се пофалиме и она што го правам јас дека во било кое мое учество на меѓународна конференција, насекаде говорам дека ромската положба во Република Македонија ја нема во ниту една држава во Европа. Уставно загарантирана положба, но тоа не значи дека сето она што пишува во Уставот треба да го успориме во однос на ромските права.

Затоа сакам повторно да ја искористам оваа можност да бидеме прагматични во однос на мизерната состојба на ромите или ќе сакаме да им помогнеме на ромите или отворено ќе кажеме дека со ромите ќе постапиме како заедница од втор или трет ред оти нашето чувство е такво дека ние сме крајно маргинализирани, инфериорни и дека не можеме да дојдеме во допир за решавање на нашите проблеми.

Мојот народ е свесен дека јас како еден пратеник меѓу 120 немам никаква моќ ниту можам да влијаам во решавањето на мизерната состојба на ромите во Република Македонија иако нивната кондиција во однос на сето ова што го реков за процесот на образованието е крајно ограничена и крајно огорчена. Не верувам дека

ромите ќе сакаме да ги доведеме во таква ситуација кога еднаш ќе си го подигнат гласот и ќе кажат доста, повеќе не може така.

Почитувани колеги пратеници, јас навистина  сакам да сум уверен дека Република Македонија  јасно и официјално ќе ги вклучи ромите активно од оваа инфериорна положба во своја функција давајќи им државна поткрепа во нивната правична интеграција.

На крај сакам навистина да го поддржам ова мислење и ставовите подготвени од страна на Комитетот и Управата за развој на образованието и се надевам дека овие зборови ќе се остварат на дело и дека ромската положба во Република Македонија  во однос на образованието ќе биде гордост на сите нас особено на нас пратениците.

Ви благодарам на вашето трпение.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има госпоѓица Славица Грковска.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги, дозволете ми на почетокот да го изразам своето огромно задоволство што еве конечно на дневен ред можеме да дискутираме за Информацијата за состојбите во основното и средното образование без разлика што е само осврт за состојбата на образованието на заедниците.

За жал, и покрај тоа што Комисијата за образование, наука и спорт повеќе од една година инсистира да разгледува ваква Информација за состојбите во основното и средното образование, со оглед на тоа што не сме добиле никаков материјал, не сме имале можност да посветиме една седница на Комисијата за целокупните состојби во образованието, меѓутоа, без разлика од ова што го читам денеска во Информацијата гледам дека голем дел од состојбите се отсликани многу реално и даваат реална слика и можеме да разговараме за конкретни активности кои би требало да се преземат за подобрување на состојбата.

Можеме да заклучиме дека и тоа стои во Информацијата, без разлика за која заедница станува збор, сеуше не можеме да бидеме задоволни за тоа какви се состојбите во образованието.

Точно е дека се прават напори, но мислам дека сите би требало да се залагаме уште повеќе за финансирање особено на подобрување на инфраструктурата и во основното и во средното образование, со оглед на тоа што

особено во руралните средини некои училишта се во катастрофално лоша состојба и мислам дека треба што побрзо да се направат идни чекори за решавање на тој проблем.

Она што ме испровоцира денеска да дискутирам е еден дел од Извештајот на Комитетот во кој се вели дека постои подем во општото подобрување на опфатот на учениците во основното и средното образование на припадниците на заедниците што не се во мнозинство, меѓутоа, мислам дека ова не станува збор замо во поглед на припадниците на заедниците, мислам дека би требало да направиме уште повеќе напор опфатот на ученици од основното и средното образование да биде уште поголем, со оглед на тоа, а уште повеќе не е опфатено во оваа информација, па би требало да обрнеме внимание и се надевам дека Комитетот ќе има посебна седница за опфатот на заедниците и општо на учениците кои од средното се запишуваат на високото образование каде не би можеле да се пофалиме со никакви резултати и ние на Конференцијата кога бевме во Брисел не можеме да кажеме дека стоиме баш добро во тој поглед во однос на процентот на учениците кои завршуваат средно образование, а подоцна го продолжуваат своето образование на некој од универзитетите во Скопје, односно Македонија.

Мислам дека треба да направиме напори сите комплетно да инвестираме во учениците и да ги форсираме да го продолжат своето образование после средното образование со оглед на тоа што модерните текови секаде се одвиваат многу брзо и мислам дека не би можеле да бидеме задоволни со сегашниот опфат во таа смисла.

Особено ме радува фактот што Комитетот заклучил дека опфатот на женската популација, во оваа смисла е многу мал и не може да биде задоволителен.

За во иднина, јас би сакала да ги замолам членовите на Комитетот, кога ќе бараат информации во оваа смисла, да имаат статистички пдоатоци и во смисла на половата застапеност, која исто така е многу важна и не смееме да ја занемариме. Особено загрижува состојбата на опфатеноста на женската популација во руралните средини. Меѓутоа, ние неможеме да кажеме дека во дел од некои градски средини состојбата е добра. Затоа мислам дека се пторебни, можеби и некои поконкретни мерки за тоа како да се интервенира во менување на менталитетот за поголем опфат на женската популација во основното и во средното образование.

Потполно се согласувам со заклучоците на Комитетот кои се донесени по исцрпна и сериозна расправа на Комитетот. И особено морам да се согласам со г-динот Рустеми кој се залага, а тоа е заклучок и на Комитетот да се внимава во овој

процес на децентрализација да не се наруши квалитетот на образование на сите ученици. Јас тоа сум го истакнувала и во неколку наврати кога сме расправале за законите за основно и средно образование дека особено треба да бидеме внимателни во процесот на децентрализација на образованието затоа што тоа е можеби еден од најосетливите сегменти. Многу други држави кои го изодиле тој процес, укажуваат на тоа дека се појавуваат борјни проблеми за кои ние, од оваа гледна точка, не би можеле да бидфеме свесни. Затоа мислам дека треба да се оди многу внимателно во смисла на зачувување на квалитетот на образованието.

Меѓутоа, исто така, морам да се согласам и со г-динот Абдулаќим Адеми дека, за жал, наставниците, најголем дел од нив, не се афторитети и дека тоа се одразува на квалитетот на образованието. Јас се надевам дека со сите обики и понатаму мерки што ги презема Министерството за образование,ќе придонесат за подобрување на оваа ситуација, особено што треба да имаме предвид дека градиме нов систем на вредности. За тоа, мислам, треба да бидеме свесни сите. Нов систем на вредности, не само во поглед на односот меѓу етничките заедници, туку и во однос на целиот процес во кој се наоѓа државата, во поглед на нејзината тенденција за зачленување во ЕУ, во НАТО структурите. Треба да се залагаме европските и светските вредности да бидат дел од наставните програми за да можеме да ги презентираме преку наставните планови и програми на младата популација и на тој начин да влијаеме на нив, да се оди со европски поглед и гледање на нештата.

Да бидам искрена прилично ме загрижи делот што се однесува за ромската популација. Морам да се согласам дека е особено важно да се води сметка за тој дел.

Се согласувам со г-динот Неждет Мустафа кој вели дека талентирани ромски деца останувааат дома, што исто така е поразителен факт. Можеби ќе беше добро доколку г-динот Неждет Мустафа гласаше претходно за Законот за основно и средно образование, што го имавме за талентирани ученици, затоа што ние тоа го предлагавме токму од тие причини, за да овозможиме подобри услови за талентираните деца и бирото за развој да има посебни наставни планови и програми за талентираните деца, со цел континуирано да се следи нивниот развој и да се развие нивниот потенцијал до максимум.

На крајот би сакала да се заблагодарам на наставниците кои покрај услвоите во кои работат, со голем ентузијазам ја вршат својата професија , со голем

ентузијазам работат и со талентираните ученици и благодарение на тоа имаме исклучително добри резултати и на државно и на меѓународно ниво.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г-динот Агим Џелили.

АГИМ ЏЕЛИЛИ:

Почитувана г-ѓо потпретседателке, почитувани колеги,

Денес пред нас се наоѓа Информацијата од Комитетот за односи меѓу заедниците, во однос на Информацијата за образованието, понудена од Министерството за образование и наука, во Република Македонија.

За поздравување е, во прв ред Комитетот за односи меѓу заедниците кој најде за сходно оваа точка да биде една од приоритетните точки, меѓутоа Министерството за образование и наука кое понудило широка информација во однос на образованието на припадниците на етничките заедници кои не се мнозинство, иако претставуваат уставна, обврзувачка норма за нивното образование, почнувајќи од предучилишната возраст, основонто и средното образование.

Образованието во целина  со децении има едно горко наследство, посебно кај албанците, почнувајќи од фамозните идејно политички диференцијации на учениците, малите инвестиции кои не соодвествуваат со реалноста, наставните средства, непрактични во согласност со секојдневието и понекогаш со политиката, така што овој Комитет пред нас денес понуди една широка Информација каде што проблемите не се кријат, туку напротив работите се даваат на отворен и транспарентен начин и затоа е за поздравување.

Доколку погледнеме во основните и средните училишта, со сигурност наидуваме на истите проблеми. Значи имаме недостаток на технички средства, недостаток на наставни средства, недостаток на образовни објекти, недостаток на стимулативните средства во образованието, на пример ниските плати на наставниците кои тешко обезбедуваат егзистенција на семејството. Така да не често наставниците ги наоѓаме надвор од работното време, дури некогаш и многу далеку од образованието. Доколку, додека во многу земји од ЕУ е привилегија да бидеш наставник, овде држи констатиацијата зарем неможеш да се занимаваш со нешто друго а не само со образованието. Затоа барањето за пораст, за зголемување на буџетот за образование е повеќе од реална, долгорочна и продуктивна, каде

инвестирајќи во образованието, ние инвестираме во иднината, односно во перспективата затоа што само образованите народи се припадници на цивилизираните народи кои што му понудиле на светот светлост и перспектива.

Што се однесува на наставните текстови , ичебниците ова е проблематика во континуитет каде набавката не се прави ниту навреме ниту на јазиците на етничките заендици. Посебно се говори за учебниците каде учениците од средните училишта употребуваат разни скрипти кои во дадениот момент го покриваат недостатокот на учебникот , меѓутоа книгата е книга и ги има своите критериуми. Меѓутоа, верувам дека се согласуваме сите дека Министерството за образование треба да биде поефективно за овој проблем  да не се продолжува со години со ред, нешто што е значителна тежина, значителен товар како  за наставниците така и за ученниците за следење на воспитно образовниот процес.

Учењето на факултативните јазици, албанскиот јазик, францускиот, германскиот, турскиот, влашкиот е значително богатство и перспектива во иднината каде од поблиску можеме да се запознаеме еден со друг, затоа што познавајќи ги културните, историските  вредности еден на друг, толку повеќе станувамe како другите големи народи кои знаат да ја почитуваат културата и традицијата.

На крајот, ќе застанам кај образовните објекти, посебно во Тетово каде имаме значителен број на средни училишта со многу училишта каде Министерството треба да направи долгорочен план . Имено треба да имаме повеќе училишта со истиот процент, а не вакви гигантски училишта каде образовниот процес тешко се реализира или контролира. Оваа пракса ја имаме иво Скопје и мислам дека треба да се практикува и во Тетово.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Има збор пратеникот Хасипи.

КЕНАН ХАСИПИ:

Почитувана г-ѓа потпретседателке, дами и г-да пратеници,

По се изгледа дека образованието е рана која крвари па затоа пројавува голем интерес секоја расправа по ова прашање.

Инаку, иако по природа преферирам глобална расправа за образованието за сите етнички заедници, со оглед на тоа што поголемиот дел од претходните дискутанти претежно се осврнаа на проблемите на сопствената заедница, нема да

ми замерите до колку и јас во одредени точки се осврнам нешто повеќе за образовните проблеми на турската етничка заедница.

Би сакал, како член на Комитетот за односи меѓу заедниците и учесник во расправата на седниците на Комитетот на кои се разгледуваше информацијата за состојбите во образовната сфера во Република Македонија, да осврнам на одредени прашања во оваа сфера за кои сметам дека се битни во остварувањето на оваа со Устав и со закон загарантирано право на припадниците на сите заедници во Република Македонија.

Сакам посебно да истакнам дека расправата во Комитетот, по ова прашање, беше отворена, содржајна, со јасно дефинирање на постојните проблеми во образовната сфера, како и утврдување на начинот и мерките за нивно надминување. Сето тоа резултира со мислење на Комитетот за односи меѓу заедниците, по ова прашање и предлог мерки за надминување на проблемите и пројавените слабости во образовната сфера со посебен нагласок за потребите на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија, што е доставено до Собранието на Република Македонија и е предмет на денешната расправа. Појдовен материјал за расправата беа информациите изготвени од страна на Минстерството за образование и наука на Република Македонија и Управата за развој и унапредување на образованието на припадниците на заедниците во Република Македонија.

Посебно сакам да подвлечам дека расправата по ова прашање треба да се базира на фактот дека образованието на мајчин јазик е уставно загарантирана категорија и секој обид за маргинализирање на проблемите во оваа сфера е директно кршење на Уставот на Република Македонија и меѓународните стандарди утврдени во бројни меѓународни конвенции во сферата на човековите права и слободи. Со други зборови државата е должна да создаде амбиент и услови и практично да се остварува тоа со Устав загарантирано право преку мобилизирање на поостојните интелектуални материјални, технички и други ресурси во оваа сфера. Имајќи го предвид фактот дека се работи за сфера од посебен општествен интерес , мора да се обезбедат соодветни буџетски средства, со што би се подобрила инфраструктурата во основното и средното образование, што е и мислење на Комитетот за односи меѓу заедниците.

На седницата на Комитето за односи меѓу заедниците, освен доставениот материјал свое излагање имаше и министерот за образование и наука, г-динот Азис Положани кој се осврна на проблемите на просторот, кадровската проблематика,

инфраструктурата, учебникарската политика, економските проблеми па се обука на кадрите, за што поквалитетен образовен систем.

Со оглед на фактот што во Комитетот за односи меѓу заедниците, ја претставувам турската етничка заедница, на седницата на Комитетот ги елаборирав проблемите на турската заедница во оваа сфера. Овој пат во интерес на времето нема посебно да го елаборирам ова прашање, туку само ќе ги наведам основните проблеми кои го карактеризираат основното, средното и високото образование на турската заедница во Република Македонија.:

Прво, неможност во целост да се ужива правото на основон образование на мајчин јазик, до толку повеќе што анализите покажуваат дека од вкупно 10.150 ученици во основното образование од турско етничко потекло, само 6.250 или 61% следат настава на турски наставен јазик. Со други зборови околу 3.900 ученици или приближно 39% ученици од турско етничко потекло посетуваат настава на друг јазик. Причините се бројни. Прво убеденост на родителите дека на друг јазик се добива поквалитетна настава и се отвараат перспективи во средното и високото образование. Второ, недостиг на паралелки на турски наставен јазик, претежно во источна Македонија, штипско, Струмичко, Валандовско, Гевгелиско и др. Недостиг на соодветен наставен кадар, претежно во областите на источна Македонија. Катастрофална инфраструктура и економска беда во региони населени со припадници на турска заедница во источна Македонија, поради што и голем број на ученици не посетуваат настава и се исклучени од образовниот процес. Доколку ваквите ученици би се опфатиле со настава на мајчиниот турски јазик, би имало потреба од нови 100 до 120 паралелки, со дополнителни 130 до 160 наставници.

Фактот дека проблемот е од мултидисциплинарен карактер кој бара добро разработена стратегија на државата по ова прашање, проблемот се провлекува со децении, без надеж дека во блиска иднина нешто повеќе ќе се направи во тој правец.Иако во последно време се направени напори за отварање на нови паралелки, без решавање на просторните, инфраструктурните, економските и кадровски проблеми, тие напори би имале краток век.

Со паралелно решавање на наведените проблеми овој позитивен тренд би значел почеток на еден долгорочен процес за структурно и принципиелно решавање на ваквите прашања .

Сакам посебно да истакнам дека е неопходно, без никаква политизација, да се уважува правото на основно образование на јазикот на заедницата на која ученикот

припаѓа, се разбира доколку има доволно барање за тоа и во рамките на кадровските можности. Минатата и оваа година,  на барање на родителие се отворија неколку нови паралелки и искрено се надевам дека тој тренд ќе продолжи и понатаму, не само за припадниците на турската етничка заедница, туку и за припадниците на другите етнички заедници. Мораме да се ангажираме, опфатот на учениците во основното образование да биде максимален за припадниците на сите етнички заедници затоа што основното образование е обврзувачко за сите.

Второ, голем проблем е кадровскиот дефицит. Тој особено е изразен кај припадниците на помалите етнички заедници, вклучително и турската заедница. Имајќи го тоа предвид, Комитетот констатира дека Министерството за образование и наука треба да преземе неопходни активности во оспособување на наставен кадар по предмети по кои се чувствува недостиг, како и изградување на систем на континуирано, стручно и педагошко усовршување на наставниците. На тој начин, актуелниот недостиг на кадри кој помалку или повеќе е присутен кај повеќето етнички заедници, краткорочно ќе се ублажи, а долгорочно како проблем ќе се надмине.

Трето, надминување на политизацијата при избор на раководни кадри во образовната сфера, бидејќи примената на политички параметри во изборот на раководните кадри во одредени образовни институции, може да има далекусежни последици по меѓуетничкие релации, што е многу полошо од било кое кадровско решение. Во тej контекст потребна е поголема соработка во надминувањето на одредените недоразбирања при изборот на наведените кадри во образовната сфера.

Четврто, проблемот со печатење на учебници мора да се надмине, до толку повеќе што високите цени, нискиот тираж и сл. не се никакво оправдување за нивно непечатење, од едноставна причина што држава која гарантира образование на мајчин јазик, мора да обезбеди и учебници на тој јазик, независно од нивната цена. Препуштањето на оваа сфера на пазарните услови, без интервенција на државата е погубна за образованието на помалите заеници. Проблемот долгорочно неможе да се реши ни со донации на Швајцарската амбасада, ниту со грантови и помош од матич ните држави. Радува фактот што Комитетот бара од Министерството за образование и наука да вложи напори за надминување на ваквата состојба во учебникарството.

Петто, особено е важно од содржината на учебниците да се исклучат содржини кои влијаат на влошување на меѓуетничките односи и учебниците да се збогатат со содржини кои го преферираат заедничкиот живот и подобрување на односите меѓу заедниците. Се разбира дека основен предуслов е да се обезбеди целосна деполитиацијa на образованието, што е еден од заклучоците на Комитетот и е вградено во текстот за надминување на слабостите во образовната сфера. Со други зборови, од учебниците да се елиминираат содржини кои ги влошуваат односите меѓу заедниците, ги трујат младите со омраза, ги враќаат во националистичките етнички атари, што не е во духот на заедничкиот живот и идеалот за пошироко европско семејство.

Шесто, во одредени образовни струки, особено во средното и високото образование, присутна е појавата на хиперпродукција на кадри, без никакви шанси за вработување во догледно време. На мислење сум дека во таквите струки треба да прогласиме мораториум за одреден период, за да се создаде шанса за вработување на тие профили. Ова пред се се однесува на средно медицинските кадри, некои профили од средно насочено образование, како и на некои високо образовни кадри каде капацитетот за нивно вработување е мал.

Што се однесува до средното образование, во учебната 2003/2004 година, во вкупно седум средни училишта во 32 паралелки вкупно 886 ученици посетуваат настава на турски наставен јазик. Наставата во овие средни училишта ја изведувале вкупно 98 настанвици, меѓутоа, иако во пследните години се евидентира пораст во бројот на учениците во средното образование кои следат настава на турски наставен јазик, сепак од вкупно 1785 ученици од турско етничко потекло во средното образование само 886 или 47% ученици следат настава на турски наставен јазик, што е помалку од 50% од вкупниот број ученици со турско етничко потекло во средното образование.

Во сферата на високото образование, во учебната 2002/2003 година, на Универзитетот “Свети Кирил и Методиј” - Скопје, вкупно се регистрирани во сите години 590 студенти, што претставува една третина од вкупниот број студенти, зборувам за студенти припадници на турската етничка заедница. На Битолскиот универзитет тој број е околу 47, а на Штуловиот универзитет вкупно 120 студенти од турско етничко потекло. Меѓутоа, евидентно е дека на Универзитетот “Свети Кирил и Методиј” во Скопје од вкупно 590 студенти 248 се на Катедра по турски јазик и литература и на Педагошкиот факултет, предшколска и одделенска настава, додека

тој процент на другите факултети е сосема минорен. Состојбата се ублажува со тоа што извесен број на студенти студиите ги продлолжуваат во Република Турција.

Особено се појавува потреба за зголемување на процентот на турците, а и на припадниците на другит епомали етнички заедници на постдипломски студии. Посебно е значајно што при упис е потребно стриктно да се почитуваат утврдените квоти за малцинските заедници, бидејќи досега се покажало дека се вршата разни манипулации во оваа сфера, припадници на една етничка заедница да се пишуваат како припадници на друга, а со цел полесно да се обезбеди упис во високообразовните институции. Освен тоа, крајно е време веќе да се вложат напори на Педагошкиот факултет да се воведат групи на турски јазик и тоа: Математика-Физика, Биологија-Хемија, Историја-Географија, кое барање беше поднесено уште на 18 април 2001 година. Со позитивен приод може да се надминат проблемите со дефицит на кадри, кој во овој момент е евидентен, но не е и ненадминлив.

Би сакал на крај да се осврнам и на управата за унапредување на образованието на заедниците, посебно на статусот, местото и надлежностите на оваа управа. Оваа управа е формирана со одлука на Влада уште во претходниот парламентарен состав и долго време не се конституира. Откако се назначи директор на управата, истата долго време правно не го регулираше својот статус во смисла на организација, структура, надлежност, систематизација на работни места, дефинирани финансиски средства за натамошно функционирање и кадровска и техничка опременост. Како цело време да преовладуваше филозофијата дека таа постои само за помалите заедници, слично како што е со управата за афирмирање на културата на заедниците во Република Македонија, со што дефакто се маргинализира улогата на овие тела.

Лично сметам дека управата треба да се грижи за образовнието на сите заедници и во неа треба да има претставници и од македонската заедница. Дефинитивно, формално правно да се регулира нејзиниот статут, поставеноста, изворните надлежности, финансиските потреби, кадровската екипираност и техничката опременост. На тој начин истата ќе биде оспособена за извршување на задачите за кои е конституирана во рамките на Министерството за образование и наука. Управата ќе ја сочинуваат легитимните претствници на заедниците во Република Македонија. Само на тој начин ќе се создадат реални претпоставки, плански и со јасно дефинирана стратегија, да се надминат проблемите во

образовната сфера, се разбира со координација на сите активности од страна на Министерството за образование и наука.

И најпосле, од ова место сакам да истакнам дека согласно на принципот на правична и соодветна застапеност, особено е битно Министерството за образование и наука, Бирото за унапредување на образованието и Управата за афирмирање и унапредување на образованието на заедниците реално да ја отсликува етничката структура на Република Македонија и во тој контекст идните вработувања да го имаат ова предвид.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Има збор госпоѓа Славица Станковска.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Како член на Комитетот за односи меѓу заедниците, сакам да земам учество во расправата по денешната точка од дневниот ред, дотолку повеќе што сметам дека образованието претставува еден од значајните столбови на сите општествени системи.

Комитетот за односи меѓу заедниците, согласно своите уставни надлежности, програмските определби, на иницијатива на неговите членови, на седницата доста аналитички и одговорно се задржа на прашањето за состојбите во образовнието, основното и средното образование. Дискусијата главно се базираше или основа за таа појдовна дискусија беше, како што веќе беше спомнато Информацијата за образованието во Република Македонија, изготвена од Министерството за образование и наука, како и материјалот од Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, која функционира во рамките на Министерството за образование и наука, изготвени за потребите на Комитетот, односно за седницата која беше иницирана. Исто така, материјалот содржеше и посебен прилог со согледување и предлози за образование на ромите во Република Македонија.

Како што веќе беше спомнато, во Република Македонија се изведува настава на четири јазика, македонски, албански, турски и српски, додека факултативна настава се изведува на влашки, ромски и бошњачки јазик. Како проблеми кои беа посочени, недостаток на учебници, недостаток на педагошка документација исто така недостаток и несоодветни просторни услови, недостаток на наставен кадар, помалку или повеќе беа проблеми кои беа посочени за сите етнички заедници.

Што се однесува до уставно загарантираното право на припадници на етничките заедници кои живеат во Македонија, може да се каже дека Република Македонија во принцип има правилен пристап и до сега добро нормативна поставеност за овие прашања. Но состојбите во образованието во Република Македонија не се последица на работата на оваа Влада, туку состојбите се последица на односот на целото општество кон образованието години наназад. Тоа значи дека причините и состојбата во која се наоѓа образованието се многу подалекусежни. Како што веќе беше спомнато, по исцрпната расправа беа донесени мерки и јас само кратко ќе ги посочам. Тоа се:

Подобрување на материјалните услови на училиштата. Ако зборуваме за материјалната состојба на училиштата и просторните можности тоа не се однесува само за просторни можности на децата кои учат на немакедонски јазик, односно на припадниците на малцинските заедници, просторните можности во Република Македонија се исти за сите без разлика на кој наставен јазик се изведува наставата.

Недостиг со наставен кадар се јавува како посебен проблем кај етничките заедници. Сигурно дека тука треба нешто повеќе да се направи.

Исто така со учебници и помагала за ученици кои учат настава на свој мајчин јазик, а не е македонски јазик, потребно е исто така да се работи на унапредување на наставните планови кои ќе кореспондираат со образовните системи на земјите во Европа и пошироко.

Она за целосна деполитизација, во која насока и Министерството за образование и наука прави напори, согласно новите измени и дополнувања на Законот за основно и средно образование е тренд кој треба и понатаму да продолжи.

Не би сакала да се задржувам на работи кои веќе беа спомнати, но од сето она, ако може да се каже како припадник на македонскиот народ, јас не сум пристрасна за ниедна етничка заедница и можам да кажам дека посебно мое внимание заслужи, а сметам и на целиот Парламент и пошироко треба да заслужи состојбата со образование на ромските деца односно на ромската популација.

Анализите на оваа состојба укажуваат дека имаме нецелосно и ненавремено запишување на децата во прво одделение, често осипување од основното образование, а тој тренд продолжува. Недоследно се спроведува законската регулатива за задолжително основно образование, има недоволна грижа за стекнување знаење од прво до четврто одделение, недоследности во остварување

на дополнителна настава во основното образовние, слаби резултати во степен на стекнување на знаење во воспитно-образовната работа, голем број изостанување и слично. Состојбите во кои се наоѓа ромската популација сигурно се само последица заради тоа што образованието е само еден сегмент или еден дел од општественото живеење на оваа етничка заедница. Заради економско-социјалното потекло на учениците, нискиот степен на образование на родители, неинформираност на родителите, има немотивираност, па и негативен став кон учењето и училиштето, невклучување на децата кон предшколско воспитување е последица, тоа е причина која на некој начин резултира со вакви последици во образовниот систем.

Јас сметам дека не само школската популација, ромските деца, како етничка ромска популација заслужува поголемо внимание од Владата на Република Македонија и државата во целина. Еве, сакам да изразам целосна поддршка на заложбите на колегата Неждет Мустафа и лично сметам дека Владата на Република Македонија треба да изготви стратегија за подобрување на состојбата на оваа популација и за нејзина целосна интеграција во системот, без разлика за која сфера од општественото живеење станува збор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Станковска.

Повелете господине Ќахил Аднан, имате збор.

АДНАН ЌАХИЛ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Како што можевме да слушнеме, денес имаме извештај на Комитетот за односи меѓу заедниците, врз основа на Извештајот подготвен од Министерството за образование и наука, во врска со состојбата во основното и средното образование на заедниците во Република Македонија. Не би сакал да ги повторувам веќе искажаните размислувања и мислења, држат сите тие констатации и од Комитетот за односи меѓу заедниците и од Министерството за образование, иако Министерството за образованиед доства Информација во која во седум точки изнесува многу недостатоци и во тие седум точки апсолутно не видов дека нешто добро е направено, а информацијата е подготвена од Министерството за образовние, иако кажуваат во смисла ова недостасува, ова го нема. Сега не би цитирал во интерес на времето. Меѓутоа, министерот за образование и наука требаше да каже на кој начин тоа ќе го попрзви. Да не заборавиме, иако на почетокот во пледоајето се вели дека треба да се деполитизира образованието, јас

мислам дека образованието и сега  и во минатото се политизира и тоа не е добро. Верувам дека во наредниот период кога ќе се изврши децентрализација, пренос, трансфер во образовната сфера, тоа ќе се случи уште повеќе, но оптимист сум дека ќе преовлада свеста и токму во оваа сфера политичката елита во било која власт би требало на многу поодговорен начин да пристапи кон овој проблем.

Јас не би сакал сега да дискутирам за извештајот, можеби тоа ќе го направам потоа, но за алтернативниот извештај за состојбата на националните малцинства во Република Македонија. Овој алтернативен извештај е изготвен 2004 година и укажува дека, покрај другите недостатоци во економската сфера, во информативната, во културната сфера во однос на состојбата со заедниците, значи сите заедници, каде што даваат доста лоша слика, јас ќе се задржам на еден сегмент кој се однесува на образованието, односно состојбата на турската заедница и би кажал што стои во овој извештај финансиран од Европската унија. Во изработката на истиот се вклучени некои луѓе, кои незнам на кој начин се избрани. Барем во првичната фаза таму се одразува некоја реална слика по однос на турската заедница. Ќе дозволете тоа да го прочитам и да дадам неколку мои размислувања, а потоа тука би прекинал во интерес на времето. Се согласувам со сите дискутанти кои рекоа дека ова е многу суптилна тема, која требало да се дискутира повеќе и во Комисијата за образование и наука, треба да биде динамичка тема, а не тема од денес за утре. Исто така, да се обидеме кога ќе правиме трансфер на власта да направиме безболен премин во оваа сфера. Но тоа не се случува, незнам зошто и апелирам во наредниот период тоа да се направи на многу подинамичен и подобар начин.

Во извештајот стои:

“Во руралните средини населени со турско население постојат основни училишта само до четврто одделение а образованието до осмо одделение децата понатаму мора да го продолжат во поодалечени населени места и тоа не на мајчин јазик. Многумина од нив се спречени да ја посетуваат наставата после четврто одделение поради лошата економска ситуација која е присутна. Државата не презема никакви мерки во насока да ја подобри постоечката инфраструктурна состојба, иако според Уставот на Република Македонија основното образование е задолжително.

2. Иако е отворена паралелка на турски јазик во Средното училиште во Струга, тоа не ги задоволува најавените потреби на турците за средно образование во Охрид и Струга.

3. Меѓу многуте проблеми со кои се соочуваат турските ученици е и недостатокот на учебници, прирачници и други наставни помагала, како извор на литература што претставува долгорочен проблем за кој државата воопшто не води сметка, ниту пак презема некакви мерки.

4. Во рамките на Министерството за образование и наука, како и во неговите сегменти, Бирото за развој на образованието, не постои вработен персонал кој би бил одговорен за наставата на турски јазик во основното образование, за средното и да не зборуваме, така што на целата територија на Република Македонија за учениците кои посетуваат настава на турски јазик постојат само два советници лоцирани едниот во Гостивар, а другиот во Тетово. Чудо, во Скопје нема, ќе нема и понатаму, во Скопје и Источна Македонија нема одговорни советници.

5. Државата не презема никакви мерки за подготовка на кадар за предметна настава на турски јазик.

6. Во Република Македонија турците според Уставот имаат право на образование на мајчин јазик во педесет и пет основни училишта и во шест средни училишта во кои се одвива наставата на турски јазик во по една паралелка. Ученици поседуваат настава на мајчин јазик и во нив предаваат 316 наставници на турски наставен јазик. Во средното образование во учебната 2002/2003 година 857 ученици се турци. Овие бројки покажуваат дека многу мал број ученици од основното продолжуваат во средното образование при што државата не дава анализа за грижа за ваквата состојба”.

Овие шест точки во однос на образованието многу реално ги отсликуваат состојбите во однос на турската заедница. Може да се надополни со многу точки, многу запирки, многу потточки, но она што е заедничко е дека образованието на заедниците, другите заедници кажаа, а за турската заедница оди во нагорна линија. Мислам дека покрај другите проблеми, економскиот момент тука е многу важен и во однос на економскиот момент ништо не е направено и очигледно не се прави ништо. Само да ве потсетам, сегашната владеачка гарнитура, покрај тоа што ветуваше многу работи, ветуваше буквална ренесанса и во овој дел. Навистина, верувајте, очекував ако ништо друго, барем во овој однос во 2002 година ќе имаме

подобрување во однос на образованието, почнувајќи од турската заедница, барем по малку.

Имаме влошување на ситуацијата  и тоа навистина ме загрижува. И длабоко сум убеден и би требало ова да допре до свеста на тие раководители на Владата, на министрите и сите тие што раководат и што се дирекно инволвирани во однос на оваа проблематика во наредниве две години да преземат, ако ништо повеќе некои мерки барем во кој правец ќе се одвиваат работите, барем ќе знаеме, ќе имаме некоја светла точка дека во тој правец се прават некои работи, едноставно да излеземе од оваа ситуација каде што образованието во целина има лоша проѓа.

Во образованието има една работа, што гласи вака: кажи ми, ќе заборавам, покажи ми, ќе разберам, вклучи ме, ќе научам. Ние во Македонија сме во фаза да зборуваме и само да зборуваме, а само со зборување не се учи. За да бидат децата вклучени треба да имаат едноставно модерни начини на размислување, и тие што носат програми и тие што носат програми за учебни помагала и т.н. Ако тоа не се прави, а не се прави, јас дирекно сум инволвиран во наставата, тоа не се прави, јас незнам на кој начин ќе се извлечеме од ова и на кој начин ќе фатиме чекор со Европска унија на прагот да ги пополниме тие прашалници, на прагот, да кажам условно, влез во НАТО, влез во ЕУ каде што буквално во најважната сфера образованието, ние назадуваме, а експерименти во образованието се многу лоши експерименти кои имаат далекусежни негативни последици. Само да ве потсетам своевремено во бивша Југославија експериментот на усмерено образованието што го имаше Стипе Шувар, што го увезовме од Хрватска во тој период покажа многу, многу лоши ефекти во  образованието во Република Македонија во однос на сите заедници во овој дел. И ако продолжиме едноставно да немаме аналитичен пристап кон оваа проблематика како што немаме, мислам дека рефлексиите во однос на образованието, негативните рефлексии многу брзо ќе ни се вратат како бумеранг, како што впрочем ни се враќаат и во разни извештаи нашето образование од ЕУ, од Светска банка и од други меѓународни институции се оценува како образование на многу ниско ниво. Што да се каже за делови, за сегменти, што се однесува до учебници каде што едноставно се пресликуваат плановите, програмите од други заедници без да се води сметка за автентичноста на одредена заедница, за автентичноста на нивната историја, автентичноста на нивните потреби, едноставно се прави онака како што се правеше многу пати, едноставно само декларацијата е различна, обландата е различна, а суштината во учебниците останува иста.  А да не

зборувам дека во сите училишта во Република Македонија, особено во Источниот дел каде што живеат турците, едноставно мислам дека имаме ситуација што тие немаат можност да учат во основно образование, или уште помалку во средно образование, а да не зборуваме за употребата на компјутери, употребата на интернет, употребата на модерни начини на едукација во однос на образованието, а да не зборувам уште повеќе можноста тие деца да учат со еден нормален чекор во примената на образованието и науката во иднина. Во средно образование како што се кажува и во алтернативниот извештај од Комитетот, а исто така и од Извештајот на Министерството за образование, многу мал број турци продолжуваат во средно образование, а процентот во високото образование е уште помал. И немаме распределба на потребите на таа заедница за да може да ги планира во која насока би требало да се одвива наставата, за да можеме едноставно и пазарните законитости да ги примениме на оваа заедница, а и пошироко од Република Македонија.

Колегата пред мене напомена дека долго време се бара на Педагошкиот факултет да се отвори група на турски јазик. И порано, а и сега сите релевантни чинители се глуви на нашите барања, едноставно кога се бара нешто од турската заедница, се измислуваат, или се бараат разно разни критериуми по закон, а кога доаѓа за други ситуации едноставно тие критериуми не важат. Потребите од одделенска настава и предучилишна настава на турски јазик се евидентно многу поголеми од она што може сега да се пружи и да се даде. Се случува ситуација, јас интервенирав за гимназија “Јосип Броз”, две деца од Колеџот сакаа да се запишат втора година, да се префрлат од Колеџ во гимназија на турски јазик. Добив одговор: не може, има 39 деца, треба да даде Министерството за образование барање иако г-динот што беше одговорен за ова неколку пати го барав, требаше да ми даде одобрение, времето си врви и луѓето си најдоа што си најдоа, иако во исто време кога ми тврдат дека 39 ученици се многу, низ Македонија во втора година и во гимназии, во средни училишта учат по 45, 46, 47 деца. Значи, за едни законот важи вака, за други не важи така. Господа, не може тоа така. Ако треба да им излеземе во пресрет на сите ученици, би требало да се има сенс и чувство за оваа проблематика и релевантните чинители тоа да го прават, а не секогаш да се повикуваат на закон, а тој закон секогаш и секаде не се применува. Јас се согласувам треба да се примени законот, треба да се почитува законот, ама за сите. И тоа често пати се случува. За жал, за турската заедница има едни критериуми и тие критериуми мислам дека не би

требало да бидат така поставени, мислам дека треба да бидат по елестични заради проблемите што во минатото државата, нема да кажам политичките партии, или гарнитури, бидејки ова не е проблем само на една гарнитура, не е проблем само на една владеачка структура, тоа се провлекува од минатото. Не можеме она што е испуштено 50, 60 години да бараме од една гарнитура да  направи. Но, очекувам, навистина очекувам дека барем оваа гарнитура во оваа сфера, ако другата гарнитура изгуби заради тоа што не направи реформи во оваа сфера, а ветуваше дека ќе прави реформи, да почне да ги прави тие реформи во оваа сфера. Јас сум прв кој што ќе ги подржам тие реформи. Но по она што гледам реформите сеуште тапкаат во место, реформите се само реформи на хартија, реформите се само реформи за да постојат реформи за да задоволиме некои определени критериуми незнам чии. Но, критериумите на родителите, критериумите на децата, критериумите на модерно европско образование остануваат ад акта. Е, така не може. Не може, затоа што имаме обврска, имате обврска тоа да го направите за сите граѓани на Република Македонија, особено на заедниците, зборувам за турската заедница каде што дебело тапкаат во однос на другите, во однос на македонската, да не кажам албанската и другите заедници во однос на образованието. Треба да се пружа можност децата од труската заедница она што им е со Устав загарантирано да можат едноставно да можат да учат на  својот мајчин јазик, средното образование да можат исто така да го продолжат  на свој мајчин јазик си релевантни кадри и да можат онаму каде што Уставот и Законот дозволува да учат на својот мајчин турски јазик. Засега господа,  поради икс причини тоа не се случува.

Јас овој Извештај го прифаќам како извештај. Пак ќе повторам, овде има 7 точки каде што се вели: има многу недостатоци, но никаде не видов како тие недостатоци ќе се надминат, предлози на кој начин ќе се надминат, или едноставно ќе чекаме подобри времиња, а имаме ерозија во однос на образованието за жал на турската заедница, а и за другите заедници. На крајот ќе кажам дека грешките во образованието не можат да се откријат веднаш како што е во економијата и во другите сфери на општественото живеење. Овие се грешки кои ќе ги платиме многу скапо, а веќе направените грешки во минатото денеска ни се рефлектираат со ниско ниво на образование. Такви се извештаите од ЕУ, од Светска банка и не би сакал како граѓанин на Република Македонија, како припадник на турската заедница утре да ми се каже, вие не можете да влезете во ЕУ заради таа ситуација што немате доволно елементи во однос на образованието, во однос на едукација во сите

сегменти и на сите нивоа на образование на заедниците, а тоа е, ќе се согласите, недозволиво и не е добро за Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Прво, Собранието ги подржува мислењата и предлозите на Комитетот за односи меѓу заедниците оценувајки дека тие се во функција на подобрување на општите состојби во основното и средното образование, посебно во функција на остварување на правото на настава на јазикот на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Второ, овој заклучок, мислењето и предлозите на Комитетот за односи меѓу заедниците и стенографските белешки од седницата на Собранието да се доставaт до Владата на Република Македонија, до Министерството за образование и наука и Министерството за финансии.

Предложениот заклучок го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 61 за, воздржан 1, против 1.

Констатирам дека Собранието го усвои предложенито заклучок.

Почитувани пратеници, ја прекинувам седницата. За продолжението на седницата ќе бидете дополнително известени.

(Седницата прекина во 16,57 часот).